20 ГОДИНИ ПО 11 СЕПТЕМВРИ | ПОД ЗНАМЕТО НА ООН | ТЕНКОВСКИОТ МУЗЕЈ ВО ДОРСЕТ | ХАУБИЦА 105 ММ „БОРАН“

# ШТИТ

Број 143
Септември 2021
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Во борба со огнената стихија

## АРМИЈАТА ГО ПРОСЛАВИ СВОЈОТ 29. РОДЕНДЕН

# 18 АВГУСТ ДЕН НА АРМИ









На 18 Август пред Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, свечено беше одбележан Денот на Армијата на Република Северна Македонија. На централната свеченост присуствуваа: претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, министерката за одбрана Радмила Шекеринска, началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, министри во Владата, пратеници од Собранието поранешни министри за одбрана и началници на ГШ, претставници од воендипломатскиот кор, армиските генерали, и високи претставници на МО, претставници од државни институции, локални самоуправи и здруженија со кои соработува Армијата. Претседателот Пендаровски во својот говор нагласи дека Денот на Армијата го одбележуваме во година на два големи јубилеи за нашата држава. На 11 Октомври ќе прославиме 80 години од почетокот на НОБ, кога за прв пат партизаните создадоа слободна македонска држава, а на 8 Септември, ќе одбележиме 30 години од македонската независност. Според него припадниците на Армијата се живата врска меѓу овие два големи јубилеи. Министерката Шекеринска во својот говор направи ретроспектива на сето она што е постигнато изминатава година и им оддаде почит на сите војници, подофицери и офицери кои повторно, како што рече, станаа наши јунаци кога се соочивме со огнените стихии низ целата држава, како и во справувањето со пандемијата со КОВИД 19. Таа се осврна и на учеството на нашите припадници во мисиите во Авганистан. „19 години повеќе од 3500 припадници на Армијата, заедно со останатите НАТО сојузници, им помагаа на институциите на Авганистан да зајакнат. Последната ротација безбедно се врати дома на крајот на јуни оваа година. Во тие две децении немавме загуби, а имавме бројни пофалби за подготвеноста на нашите војници за своите задачи“, изјави Шекеринска. Министерката Шекеринска дополни и дека граѓаните постојано ја оценуваат Армијата како институција во која имаат најголема доверба. „Државата во клучни моменти и ја даваше довербата на Армијата. Армијата после подолго време почна да верува дека нема да биде заборавена, дека е ценета и дека довербата раѓа доверба“, истакна министерката во своето обраќање на Денот на Армијата. Началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, вети дека ќе продолжи да менаџира со сите човечки и материјални

JATA



ресурси на Армијата, одговорно и со голем ентузијазам и проактивност во остварување на мисиите и задачите на Армијата, но и на државните стратегиски цели во интерес на граѓаните. Тој им оддаде признание и благодарност на сите учесници во кризата со мигрантите, пандемијата и пожарите, како и на целокупниот медицински персонал, пожарникари, припадници на МВР. На свеченоста се доделија одликувања и признанија на единици од Армијата и на соработници кои придонесуваат за развојот на одбраната, при што од страна на претседателот Пендаровски беа врачени Орден за воени заслуги и Повелба на Република Северна Македонија, додека од страна на министерката Шекеринска и началникот Ѓурчиновски им беа доделени признанија на претставници на институции со кои соработува Армијата. На свеченоста, командантот на Националната гарда на Вермонт, генерал-мајор Грегори Најт, кој беше во неколкудневна посета на Република Северна Македонија, на министерката Шекеринска ѝ додели Медал на сојузната држава на САД, Вермонт, за истакната служба, а на генералот Ѓурчиновски Медал на НГ на Вермонт за заслуги. По повод одбележувањето на Денот на Армијата, со воени почести и полагање венци свежо цвеќе на Алејата на великаните на градските гробишта во Бутел во Скопје, повеќе делегации им оддадоа почит на поранешните претседатели и врховни команданти на Армијата, Борис Трајковски, Киро Глигоров. Венци беа положени и на гробот на генерал Михаило Апостолски, како и на спомен-обележјето на загинатите бранители во кругот на Министерството за одбрана и Генералштабот.

Кристина Илиевска







# содржина

ШТИТ година XIII број 143 септември 2021


Инфо 5

На прва линија
**Армискиот придонес во справувањето со пожарите** 6

На прва линија
**Употреба на Армијата во кризна и во вонредна состојба** 8

Цивилно-воена соработка
**Соработката со Армијата е на највисоко ниво и во добро и во зло** 10

Глобал
**20 години по 11 септември Колку е силна „Ал Каеда“ во 2021 година?** 14

НАТО активности
**Команда за поддршка и логистика** 20

Мировни мисии
**Под знамето на ОН Примарни области во исполнувањето на мировните мисии** 22

Вооружување
**„De Havilland Mosquito”** 25

Вооружување
**Руски стелт ловец Су-75 „Шах мат”** 32

Вооружување
**Авион „Boeing P-8 Poseidon“** 34

Воени музеи
**Тенковскиот музеј во Дорсет** 44

Незадолжително
**Задоволство и радост на работното место** 48

Филм
**„Кинеска вдовица“** 56

**Адреналински мост кај село Кожле – несекојдневно доживување** 58

# Благодарност за помошта од сојузниците и пријателите

Секоја година сè почесто сме сведоци на негативните промени и последици предизвикани од климатските промени. Торнада, тајфуни, енормни и долготрајни суши, драстично покачување на температурите, топење на ледниците итн. Како последица на тие промени сè почести се поплавите, пожарите, зголемување на пустинските површини и други последици. Оваа година, освен по пандемијата со вирусот COVID-19, ќе остане забележана и како година на енормно високи температури и неповолни ветрови кои придонесоа просторот на Медитеранот буквално да изгори во шумските пожари. Пожарите не ја одминаа ниту нашата земја. Гореа шумите речиси на целата територија на Република Северна Македонија. Надлежните институции веднаш излегоа на терен, а им се придржија и голем дел од припадниците на Армијата. Сепак, без помошта на пријателските и сојузнички држави немаше да можеме целосно да се справиме со пожарите.

Помошта од пријателите и сојузниците беше потребна и добредојдена. Меѓу првите кои испратија помош во луѓе и опрема за справување со пожарите во нашата земја беа пријателите од соседните земји, Србија и Бугарија, како и Република Словенија која, по разговорот помеѓу министерката за одбрана Радмила Шекеринска и нејзиниот словенечки колега Матеј Тонин, веднаш испрати 16 противпожарни возила и 46 пожарникари. Црна Гора, исто така, се придружи во напорите за гаснење на пожарите во Северна Македонија. Советот за одбрана и безбедност на Црна Гора донесе одлука да го одобри барањето на министерката за одбрана на Црна Гора, Оливера Ињац, за упатување на хеликоптер „Бел 412“ како помош за Северна Македонија за справувањето со пожарите. Помошта од Црна Гора доаѓа како резултат на барањето упатено од министерката за одбрана Радмила Шекеринска до нејзината црногорска колешка Оливера Ињац. Помошта од Црна Гора беше имплементирана преку НАТО координативниот центар за одговор при кризи EADRCC и се состои од еден хеликоптер за гасење пожари „Бел 412“ и екипаж од 4 лица. Поддршката од нашиот НАТО сојузник, Романија, во справувањето со огнените стихии, исто така дојде по барање на министерката Шекеринска до нејзиниот романски колега, Николае Јонел Чука, за итна помош во справувањето со пожарите. „Ве молиме да ги утврдите можностите за испраќање на авион за справување со шумски пожари, кои се од исклучителна потреба за Република Северна Македонија. Сојузничката солидарност е многу важна во овие тешки времиња и ние сме благодарни за сета ваша помош и поддршка“, беше наведено во писмото кое го испрати министерката Шекеринска до романскиот министер за национална одбрана, Николае Јонел Чука. Од Република Романија пристигна авионот „Ц-27 Спартан“ на романското воено воздухопловство, кој е специјализиран за гаснење пожари и има капацитет за дејствување со 6 тони вода врз пожарите. Авионот беше фокусиран на пожарите во Беровскиот регион.

Претседателот на државата, Стево Пендаровски, Владата на Република Северна Македонија, министерката за одбрана Радмила Шекеринска, како и целиот народ на Република Северна Македонија, искрено се благодари за помошта која пристигна од пријателските земји и сојузниците, без чија помош многу тешко ќе успеевме сами да се справиме со огромните шумски пожари.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**м-р Иван Атанасоски,полковник**

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
д-р Тони Петрески

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски,потполковник
Лилјана Петреска,потполковник
Виолета Костадинова,потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)






ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана https://mod.gov.mk/штит/

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Потпишан Договор за воено-финансиска соработка со Република Турција

Министерката за одбрана Радмила Шекеринска оствари посета на Република Турција, каде имаше средба со министерот за национална одбрана на Република Турција, Хулуси Акар. На состанокот беше потпишан петгодишен Договор за воено-финансиска соработка, со кој се предвидува годишна алокација на финансиски средства од Турција за Северна Македонија, кои ќе се користат за зајакнување на борбените капацитети, набавка на артилериска опрема и модернизација на Армијата. На средбата се зборуваше и за идните планови за соработка во одбраната, за едукација, обуки и вежби во согласност со Договорот за билатерална соработка за 2021 година. Во рамките на посетата на Турција, министерката Шекеринска присуствуваше и на отворањето на Меѓународниот саем на одбранбена индустрија „IDEF




21“, кој се одржува во Истанбул од 17-20 август. Присуството на саемот „IDEF 21“ на делегацијата од Северна Македонија предводена од министерката Шекеринска, беше со цел да се согледаат можностите за набавка на нова опрема во функција на модернизација на нашата армија, за што годинава се наменети 25 проценти од буџетот во одбраната. Саемот на одбранбена индустрија во Турција е меѓу водечките во светот каде што се претставуваат највисоките технолошки достигнувања во воена опрема. Се очекува на Саемот да учествуваат околу 1.000 домашни и странски компании и 400 делегации.

# Средба на НГШ со командантот на Националната гарда на Вермонт

Началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, оствари работна средба со командантот на Националната гарда (НГ), генерал-мајор Грегори Најт. Генералите Ѓурчиновски и Најт, за време на средбата разговараа за меѓусебната соработка во рамки на програмата за партнерство и соработка, која има свој придонес за нашето полноправно членство во НАТО. Помеѓу останатото се разговарало и за тековните активности на Армијата на Република Северна Македонија, како и за понатамошните заеднички активности како дел од оваа соработка. За време на состанокот со дел од клучниот персонал од Генералштабот беше презентирана актуелната состојба со процесот на трансформација на Армијата и интеграцијата во НАТО, учествата во обуки и вежби како и понатамошните планирани активности. Генералот Најт му додели Медал за заслуги на генералот Ѓурчиновски во текот на прославата на Денот на Армијата, додека по завршување средбата, на припадници од составот на Баталјонот на Воена полиција им



додели признанија за покажаната висока професионалност во извршувањето на задачите. Во текот на престојот во Република Северна Македонија, командантот на НГ на Вермонт оствари средба со претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, со министерката за одбрана Радмила Шекеринска и ги посети 2. пешадиски баталјон стациониран во касарната „Јане Сандански“ во Штип и Армискиот полигон „Криволак“. Армијата на Република Северна Македонија со НГ на Вермонт, во рамки на партнерската програма, во изминатите 26 години реализираа голем број активности, на кои припадници на Армијата се обучуваа според стандардите на НАТО алијансата.

# Во спомен на словачкиот војник

Во касарната „Кузман Јосифовски Питу“ во Тетово, државните секретари на министерствата за одбрана на Република Северна Македонија и Словачката Република, Драган Николиќ и Мариан Мајер и амбасадорот на Словачката Република во Северна Македонија, Хенрик Маркуш, положија венец со свежо цвеќе на откривањето на спомен-плочата на потполковникот на Вооружените сили на Словачката Република, Лубомир Орсаг, кој на 19 јули 2001 година, заедно со уште двајца членови на Мониторинг-мисијата на Европската Унија, Бјартен Гундерсен и преведувачот Валон Садику, налетувајќи на мина на планинскиот потег помеѓу Тетово и Гостивар, ги загубија своите животи. Државниот секретар Драган Николиќ истакна дека спомен-плочата, која е поставена во тетовската касарна, е потсетник за тоа колку е скап и важен мирот. „Со несебичниот придонес на меѓународната заедница, со придонесот на луѓето како Лубомир кои ја платија највисоката цена – го дадоа својот живот, ние денеска можеме да живееме во мирна, безбедна и просперитетна земја, членка на најмоќниот воено-политички сојуз.“ Николиќ додаде дека овој споменик е потсетник и за блиските врски помеѓу нашите две земји, Северна Македонија и Словачка и му изрази благодарност на словачкиот амбасадор Хенрик Маркуш за иницијативата и за посветеноста за поставување на ова спомен-обележје кое уште повеќе ги зближи нашите две пријателски и сојузнички земји. Државниот



секретар на Словачката Република, Мариан Мајер, истакна дека оваа спомен-плоча ќе биде паметник за потполковникот Лубомир Орсаг кој го загуби својот живот во неговиот обид да придонесе за воспоставување на драгоцениот мир и изградба на функционално мултиетничко општество на оваа територија. „Сакам да изразам благодарност за тоа што сме тука и што може да ја организираме оваа комеморација за потполковникот Лубомир Орсаг кој ја плати највисоката цена за стабилноста на Европа и за стабилноста на оваа прекрасна земја. Истовремено, се надевам дека ова ќе биде место каде што сите ќе си спомнуваме колку се кревки мирот и безбедноста и колку е важно да се имаат силни партнери и сојузници како што е случајот со Словачка и Северна Македонија, не само во рамките на НАТО, туку и како многу важен партнер од регионот, а наскоро се надеваме и членка на Европската Унија“– рече Мајер.



# Армискиот придонес во справувањето со пожарите

Во земјава речиси и да немаше регион во кој немаше активен пожар. Најкритични беа пожарите во Делчевско-пехчевскиот регион. Состојбата се менуваше од минута во минута, а сувата вегетација, високите температури и ветерот придонесоа за брзо ширење на постоечките пожари и појава на нови жаришта. Припадниците на Армијата на Република Северна Македонија кои неколку денови беа ангажирани во реонот на село Тработивиште, Делчевско, кое беше едно од најкритично зафатените подрачја во државата, на 6 август ги посети и претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, придружуван од началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски. Притоа, претседателот Пендаровски беше информиран за активностите што ги презема Армијата во гасењето на пожарите, како и за актуелната ситуација на терен. Претседателот изрази признание до сите припадници на Армијата кои пожртвувано се справуваат со огнената стихија. Претседателот и врховен командант на вооружените сили Стево Пендаровски и началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна

> Илјадници хектари шума се уништија во изминатиот период во огнената стихија којашто го зафати Делчевскиот и Пехчевскиот крај, Кумановско, Старо Нагоричане, Прилепско, Скопско, Кривопаланечко, Светиниколско, Охридско.... Армијата на Република Северна Македонија од самиот почеток на катастрофалните пожари, во координација со сите надлежни институции, се вклучи во гасењето на пожарите

Македонија, на 9 август ги посетија и припадниците на Армијата кои беа ангажирани во гасење на пожарите во касарната „Мирче Ацев" во Прилеп и опожарените места во околината на селото Топлица. Од страна на претседателот Пендаровски и генералот Ѓурчиновски беше истакната големата професионалност и посветеност на сите армиски припадници кои безрезервно се ангажираат во гасењето на пожарите на сите критични локации ширум државата. Армијата на Република Северна Македонија која од самиот почеток на катастрофалните пожари во координација со сите надлежни институции се вклучи во гасењето на пожарите, по одлуката за прогласување на кризна состојба, во континуитет продолжи безрезервно да се ангажира со целиот расположив човечки и материјален потенцијал. Во непрекината комуникација и координација со надлежните од регионалните центри за управување со кризи, локалните самоуправи и сите други инволвирани субјекти во справувањето со пожарите, се ангажираше потребен персонал и средства од речиси сите гарнизони на Армијата. Во справувањето со пожарите на територијата на нашата земја беа ангажирани 1.614 припадници на Армијата . Над 1.000 војници секојдневно беа во фаза на приправност, а во просек 250 до 400 војници со целосна опрема, механизација и летала дневно беа ставени на располагање во борбата со пожарите. Направени се повеќе од 80 полетувања, а во над 300 прелети се исфрлени повеќе од 650 тони вода. Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, заедно со командантот на Командата за операции, генералот Бесник Емини и командантот на воздухопловниот ВИНГ, полковникот









Стојко Пејовски, на 10 август на прес-конференција во Центарот за обука на пилоти во касарната „Страшо Пинџур“ – Петровец, детално информираа за вклученоста на припадниците на Армијата во справувањето со пожарите. „Беа ангажирани сите капацитети на Армијата, човечкиот потенцијал и нашите воздухоплови, за кои во ниту еден момент практично немаше простор за одмор. Ангажирани се пешадиски единици од Командата за операции, поконкретно Првата бригада, специјалните сили, и целосно беа ангажирани припадниците и воздухоплови на воздухопловниот ВИНГ. Буквално сите капацитети, заедно со логистиката, кои имаат знаење и умеење да се справуваат со огнените стихии“, рече министерката Шекеринска. Министерката истакна дека ѝ претставува чест што во повеќе наврати и лично им се заблагодари на војниците за нивниот ангажман и за ризиците со кои се соочуваат и на земја и во воздух. „Ги посетив нашите војници и офицери и во Старо Нагоричане и во Беровско-пехчевскиот регион, и во Прилеп и во Штип. Имав прилика и да поразговарам со најголем дел од припадниците на воздухопловниот ВИНГ. Сите заслужуваат највисоки оцени и пофалби дека тоа што го сработија, тоа беше навистина херојство. Ниту еден од нив не постави прашање, ниту еден не се сокри, ниту еден не замина во најтешкото, туку сите беа присутни, и тоа беа присутни постојано. Со неколкумината офицери кои денеска ги гледате пред вас се слушав речиси од шест наутро до полноќ. Тие беа на работа, но и нивните војници и старешини беа на работа. И мислам дека во вакви моменти, јас како министер за одбрана, чувствувам потреба на сите нив да им се заблагодарам и да им кажам дека ниту јас, ниту оваа држава тоа нема да го заборави“, порача министерката. Министерката им се заблагодари и на државите од соседство и на сојузниците за брзата реакција – Словенија со молскавично брза реакција упати екипи кои дејствуваат на земја, а Романија за помалку од 24 часа откако беше побарано, донесе одлука да испрати авион со голем капацитет за делување од воздух. Црна Гора најави дека ќе испрати хеликоптер „Бел-412“ кој ќе се вклучи во справувањето со пожарите. Благодарност беше упатена и до Србија која помогна во напорите од воздух, како и до Австрија која испрати свои пожарникари. „Тоа е вредноста во којашто веруваат и нашите соседи и нашите НАТО сојузници.  Заедно можеме подобро да се справиме со сите овие предизвици“, рече министерката. Командантот на Командата за операции, генералот Емини, истакна дека „голем дел од нашите војници и старешини несебично, пожртвувано ги минаа ноќите патролирајќи и гасејќи пожари пред нашите села и населени места во Кумановскиот, Кочанскиот, Беровскиот, Делчевскиот, Пехчевскиот и Велешкиот регион“. Емини изрази јавна благодарност до сите припадници на Армијата во гасењето на пожарите, за нивната посветеност, пожртвуваност и храброст, како и благодарност до нивните семејства за укажаната поддршка и разбирање. Генералот Емини порача дека Армијата останува решителна и посветена и продолжува да ги става на располагање сите ресурси во функција на гасење на пожарите и заштита на граѓаните. Полковникот Стојко Пејовски, командант на воздухопловниот ВИНГ во Армијата, информираше за активностите на ВИНГ-от и за организацијата на т.н. „истурена позиција“ за дополнување на гориво во хеликоптерите во реонот на селото Стојмирово, со што, како што рече, се зголеми брзината, ефикасноста и количината на исфрлената вода врз опожарените подрачја. „Голем предизвик претставуваат екстремно високите температури на воздухот кои достигнуваат и до 41 степен под сенка, но да не ја заборавиме и температурата над опожарените подрачја со пламените јазици, а воздухопловот се наоѓа токму над нив. Но, и покрај тоа, динамиката на извршувањето на задачите продолжува со несмалено темпо“, рече полковникот Пејовски.

Армијата на Република Северна Македонија, во согласност со својата мисија и задачи, останува максимално подготвена во извршувањето на својата уставна обврска и задачи од мисијата која вклучува и нејзино ангажирање за помош на граѓаните и институциите при справување со елементарни непогоди, секогаш кога кога тоа е потребно.

Кристина Илиевска



# Употреба на Армијата во кризна и во вонредна состојба

Досегашната практика покажа дека Армијата најчесто е таа што прва реагира во кризна и во вонредна состојба и во случај на природни непогоди и други катастрофи. Досега Армијата се ангажирала при гасењето на шумските пожари што се јавуваат речиси секоја година во државата. Исто како и во случајот со поплавите во Тетовско, а потоа и во Скопскиот регион во 2016 година, повторно дел од единиците на Армијата беа ангажирани уште од првиот ден во отстранувањето на последиците од елементарната непогода. Армијата беше ангажирана и за справување со мигрантската криза и со неконтролираното ширење на пандемијата предизвикана од COVID-19.

Употребата на дел од единиците на Армијата во кризна состојба е регулирана со Законот за управување со кризи од 2005 година – ЗКУ, со подзаконски акти и со интерни процедури кои произлегуваат од законските решенија. Во согласност со член 30 од ЗКУ, „кризна состојба се прогласува заради справување со кризата која претставува ризик по добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на нејзин дел. Владата, според својата надлежност, донесува одлука за употреба на ресурсите на органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје, како и за управување со нив во случај на кризна состојба. Кога е прогласена кризна состојба, управувањето со кризата во согласност со Законот организациски е во надлежност на Центарот за управување со кризи".

Кризна состојба прогласува Владата и во нејзина надлежност е утврдувањето на територијата на која се однесува кризната состојба. Со член 35 од ЗКУ се појаснува дека „дел од Армијата во поддршка на полицијата се ангажира кога со кризната состојба е загрозена безбедноста на државата, а органите на државната управа немаат соодветни ресурси и средства за превенција и справување со истата". За употреба на дел од силите на Армијата одлучува претседателот на Републиката, кој има и право во секое време да ја преиспита одлуката за употреба на дел од силите на Армијата во сравувањето со кризната состојба. Поконкретно, употребата на дел од силите на Армијата во поддршка на полицијата се регулира со Правилник кој го донесува претседателот на Републиката. Со Правилникот јасно се наведени видот, бројот на сили и капацитетите на армиските единици, намената и задачите кои се бараат и времетраење на активноста и ангажманот. Подготвеноста, обуката и вежбите за евентуално ангажирање на дел од силите на Армијата во поддршка на полицијата поблиску се уредува со Упатство за оперативните и други постапки на Армијата во поддршка на полицијата во случај на кризна состојба, кое е донесено од страна на министерот за одбрана, а на претходна согласност на министерот за внатрешни работи (Закон за управување со кризи, 2005). Меѓутоа, со Законот не е предвидено кои

капацитети и способности ќе се ангажираат од страна на Армијата во случај на справување со последици предизвикани од природни непогоди или „man made catastrophies“. Поради тоа, потребно е во иднина да се работи на доуредување на подзаконските акти и процедурите кои ја третираат употребата на дел од единиците на Армијата во поддршка на другите државни институции во услови на кризна, односно вонредна состојба.
Што се однесува до нормативно-правната уреденост за ангажирање на Армијата во вонредна состојба, може да се констатира дека во ниту еден законски пропис не е предвидена и регулирана употребата на дел од единиците на Армијата во поддршка на цивилните власти и граѓаните во вонредна состојба. Единствено, вонредната состојба ја третира Уставот во член 125 каде се вели дека „Вонредна состојба настанува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии. Постоењето на вонредна состојба на територијата на Република Македонија или нејзин дел го утврдува Собранието по предлог на претседателот на Републиката, Владата или најмалку 30 пратеници. Одлуката со која се утврдува постоењето на вонредна состојба се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и има важност најмногу 30 дена. Ако Собранието не може да се состане, одлука за постоење на вонредна состојба донесува претседателот на Републиката и му ја поднесува на Собранието на потврдување, штом тоа ќе е во можност да се состане“ (Устав на РСМ 1991, членови 125-126). Меѓутоа, ако нешто не е пропишано како во случајот со ангажирање на Армијата во вонредна состојба, тоа не значи дека нејзиниот ангажман е забранет, туку, дека не е соодветно регулиран. На вонредната состојба треба да се гледа како на проширување на кризата со поизразени размери со поголеми ограничувања за редовните функционалности. Ова на одреден начин и се навестува со чл.31 од ЗУК (2005), каде се предвидува премин од кризна во вонредна состојба.
Потребата од сеопфатни подготвки и план за справување со кризна и вонредна состојба на државно ниво е прашање кое бара ургентно решавање. Имено, посочената потреба е сè поизразена и е во согласност со препораките на Алијансата. Односно, неопходно е секоја институција и одделни субјекти во државата да подготват свои планови за функционирање во услови на природни непогоди и во услови на кризна и вонредна состојба. Истите, потоа, на државно ниво да бидат обединети под закрила на Владата во еден сеопфатен план за функционирање на државата и општеството во услови кога настанале природни непогоди, кога е прогласена кризна, вонредна,





односно воена состојба. Треба да се прецизира кој ја координира работата во вакви ситуации, кои капацитети и механизми секоја институција ќе ги ангажира. Тоа подразбира измена и дополнување на постојните законски прописи, но и носење на нови со кои ќе се доуредат констатираните пропусти во функционирањето на државата и општеството во кризна, односно вонредна состојба. После прогласувањето на вонредна состојба како резултат на пандемијата предизвикана од COVID-19, се поттикна дебата за нормативно-правно доуредување на вонредната состојба. Предизвикот е во тоа дали навистина ни е потребно законско решение за вонредна состојба или, пак, потребно е прецизно да се определат капацитетите кои би се ангажирале дополнително во однос на оние субјекти, механизми и ресурси кои претходно биле ангажирани во справувањето со кризна состојба.
Не треба да се испушти од предвид фактот дека Армијата во целиот перод на траењето на вонредната состојба и на нејзиниот ангажман, во континуитет продолжи да ги извршува редовните уставни задачи, како и задачите кои произлегуваа од кризната и вонредната состојба. Армијата треба да го сподели товарот со другите членки на Алијансата во рамки на колективната одбрана, операциите на кризниот менаџмент и кооперативната безбедност.

д-р Игор Ѓорески



# Соработката со Армијата е на највисоко ниво и во добро и во зло

Помошта од припадниците на Армијата во справувањето со огнената стихија е неприкосновена, сметаат жителите на двете општини, Куманово и Старо Нагоричане, каде што од почетокот на август се појавија и се проширија голем број пожари на отворен простор

Повеќе од една недела припадниците на Армијата, во соработка со противпожарните екипи, Дирекцијата за заштита и спасување, МВР, волонтери и доброволци, активно ги гасеа пожарите кои повеќе од една недела го пустошеа овој дел од Североисточниот регион. Локалните власти од двете општини се презадоволни од поддршката на Армијата во гасењето на пожарите. Натчовечките напори спасија пожарите да се прошират на поголема површина и да зафатат повеќе дрвја. Постоеше опасност пожарите да пеплосаат куќи, викендички, објекти.

Во Старо Нагоричане пожарите почнаа попладнето на празникот Илинден. Цел ден армиски хеликоптер го надлетуваше просторот околу Кокино каде беше зафатена борова, дабова и нискостеблеста шума. Уште во првиот момент беа активирани пожарниците и припадниците на Армијата кои гравитираат во зоната на подрачјето. Убавиот шумски зелен предел беше зафатен со пожар и гореа боровите насади. Ова место е едно од најчесто



посетуваните туристички локалитети и од домашните и странските туристи, поради близината на мегалитската опсерваторија. Натчовечките напори на единиците кои активно го гасеа пожарот на овој предел успеаја да го стават под контрола. Освен воздушна поддршка, стотици припадници на Армијата се вклучија во гасењето на пожарот кој поради јачината на ветрот се проширувасше кон Дренак, Жељувино, Аљинце.
Токму во моментите кога пожарот беснееше на овој предел во Старо Нагоричане, беа вклучени припадници на воздухопловниот ВИНГ кои го гасеа пожарот на највисокиот планински предел, тешко пристапен за противпожарни возила. Во истиот ден, најпрвин 30, а подоцна и 60 припадници на Армијата, пред сè од Првата механизирана пешадиска бригада, се вклучија во гасењето на пожарот со кој беа зафатени најмалку четири планински села и квалитетна дабова и борова шума.
Градоначалничката на Старо Нагоричане, Жаклина Јовановска, се заблагодари на поддршката на припадниците на Армијата. „Благодарни сме на поддршката од Армијата,армиските припадници веднаш се приклучија во гасењето на пожарот кој се заканувасше да уништи објекти во неколку села", изјави Јовановска. Командирот на противпожарната единица од Старо Нагоричане, Далибор Трајковски, вели дека припадниците на Армијата се вклучиле во сите пожари кои ја зафатија општината, меѓу нив и во Челопек, каде изгореа куќи, објекти, помошни простории, а неколку семејства останаа без добиток кој беше зафатен од пожарите. „Соработката со Армијата е одлична, секогаш се подготвени да помогнат во локализирањето на пожарите.
Дел од нив дежураа на критичните места, откако беше прогласена кризна состојба, бидејќи поради јачината на ветрот често се случуваше веќе еднаш локализиран пожар да се распламти" – изјави Трајковски. Со ова се согласи и кумановскиот градоначалник, Максим Димитриевски, кој секогаш има пофални зборови за добрата цивилно-воена соработка помеѓу локалната управа и Армијата на Република Северна Македонија во преземање акции и поддршка на месното население со најразлични активности, пошумување, хуманитарни акции, справување со COVID-кризата во изминатиот период итн.
Во однос на големите пожари во Кумановскиот регион, најкритично беше на Мургаш, кај месноста Липац. Таму неколку дена по ред се распламтуваше огнената стихија.
На овој предел гравитираат селата Бељаковце, Јачинце, Довезнеце. Речиси и да немаше ден, а да



Натчовечките напори на единиците кои активно го гасеа пожарот на овој предел успеаја да го стават под контрола. Освен воздушна поддршка, стотици припадници на Армијата се вклучија во гасењето на пожарот кој поради јачината на ветрот се проширувасше кон Дренак, Жељувино, Аљинце



нема пожар на оваа месност.
Армијата се вклучи со хеликоптер, но и со припадници кои заедно со противпожарната единица денонoќно се бореа со пожарите. Во еден ден за само половина час до 45 минути во Кумановско гореа пожари на различни осум локации. Речиси насекаде во гасењето се вклучија припадниците на Армијата. „Им се заблагодарувам на сите кои се вклучија во борбата со пожарите, особено на припадниците на Армијата кои денонoќно беа вклучени во гасењето", изјави градоначалникот Димитриевски.
Пожарникарите од територијалната противпожарна единица Куманово раскажаа дека заедно со припадниците на Армијата успеале да ги изгаснат пожарите за кусо време во пониските села, иако штета имаа неколку жители на кои им изгореа помошни објекти и добиток.
Енормно високите температури кои надминуваа над 42 степени изминатите денови и силниот ветер на високите планински места само ја влошија состојбата. Глетките од црвените пламени јазици кои за неколку минути проголтуваат десетици хектари шума и беа закана по животот на луѓето засекогаш ќе останат во сеќавање на жителите од Старо Нагоричане и Куманово. Локалното население, кое низ солзи раскажуваше за непроспиените ноќи, вели дека секогаш ќе ја паметат поддршката и брзата интервенција на оние што се вклучија во гасењето на пожарите, а меѓу нив, секако, и на припадниците на Армијата.

Александра Максимовска



# Спомен-соба како вечен паметник за загинатите кај Карпалак

На осми август годинава се одбележаа 20 години од крвавиот масакр кај Карпалак во кој животите ги загубија десет прилепски бранители. Горан Миноски, Сашо Китаноски, Нане Науноски, Веби Рушидоски, Бранко Секулоски, Љубе Грујоски, Ердован Шабаноски, Марко Деспотиски, Пеце Секулоски и Дарко Вељаноски, загинаа бранејќи ја татковината. Нивните имиња со златни букви се врежани во поновата историја на Македонија. Тие се храбрите борци, кои водејќи се од љубовта кон татковината, бранејќи го територијалниот интегритет и суверентитет на земјата, тоа кобно осмоавгустовско утро во 2001 година заминаа  прерано. Судбината така сакала, да заминат млади во вечноста. Останува на овие, но и на следните генерации, да се грижат спомента за нив да не згасне. Да се споменува дека беа храбри синови на напатената земја. Да се потсетува, да се пишува....

Еден од вечните спомени за нив е и спомен-собата во прилепската касарна „Мирче Ацев“. Секој оној кој ќе ја посети ќе може да види спомен-соба во која сè потсетува на загинатите. Изложени се фотографиите на десетмината загинати, а еден ѕид е посветен на она што се пишувало низ години за крвавиот настан. Има исечоци од весници, фотографии, песни посветени на хероите...
Оваа спомен-соба треба да се надополнува, да се збогатува. Има идеја, само потребна е реализација и помош од општестено одговорните компании. Еден од сведоците на сè што се случуваше пред и по настанот од 2001 година сум и јас. Подолго време размислував дали да забележам како настана идејата за спомен- собата. Поминаа 20 години. И еве дојде тој момент. Пред сè, заради тоа што меѓу нас го нема „главниот виновник“ за реализацијата на проектот. Сакам да ја потенцирам пожртвуваноста на покојниот генерал Бранко Дракалски, да создаде едно катче во кое ќе се постетуваме на младите кои ги дадоа своите животи за одбрана на татковината. Ме повика во канцеларијата и ме праша: Дали можеш да помогнеш да направиме проект кој ќе биде од трајно значење? Без размислување реков – сè што треба. И така започна реализацијата на проектот. Со заеднички сили со генералот Дракалски (покоен) полека се обликуваше идејата. Фотографиите беа однесени на врамување. И денес се такви какви што ги врамивме пред 20 години. Се поставија за да сведочат за еден немил настан, кој никогаш не треба да се повтори. За многу кус период идејата се надополни – да се создаде паметник кој ќе ја обединува постарата и поновата историја. Благодарение на академскиот скулптор Богдан Грабулоски се создаде спомен-обележјето Карпалак, како надополнувања на спомен-собата. Грабулоски, сакајќи да им се оддолжи на бранителите, со многу елан, создаде компетентно решение, пренесувајќи го амбиентот на Карпалак и спојувајќи ја претходната историја. Беше поставено пред 20-годишнината  од нивното загинување, каде со златни букви се забележани имињата на загинатите. Сакавме да продолжиме со доуредување на спомен-собата но, за жал, нашата замисла се прекина бидејќи касарната беше затворена. По враќањето на Артилерискиот баталјон, продолжив со несебично залагање за осовременување и надополонување на спомен-собата. Мојата желба, како директен учесник на сè што се создаваше низ годините, е да се создаде модерна спомен-соба преку која ќе се прикаже животот и делото на загинатите, да потсетува на нив и на нивната пожртвуваност во одбраната на татковината, да биде траен паметник на едно време-невреме.

Каролина Мицевска

# Почит за загинатите кај Љуботенски бачила

На 10 август 2021 г., по повод 20 години од загинувањето на осум припадници на Армијата кај месноста Љуботенски Бачила, делегации од Владата на Република Северна Македонија, од Кабинетот на претседателот Стево Пендаровски, од Министерството за одбрана и од Армијата на Република Северна









# Карпалак, и по две децении македонска непребол

Со положување на цвеќиња на споменикот на Карпалак и во касарната „Мирче Ацев“ во Прилеп беа одбележани 20 години од загинувањето на десетмината прилепски бранители кај месноста Карпалак во 2001 година.  Две децении настанот е македонска непробол, во кој, во заседа, беа убиени бранителите Горан Миноски, Сашо Китаноски, Нане Науноски, Веби Рушидоски, Бранко Секулоски, Љубе Грујоски, Ердован Шабаноски, Марко Деспотоски, Пеце Секулоски и Дарко Вељаноски. Почит на спомен-обележјето во центарот на Прилеп оддадоа претседателот Стево Пендаровски, министерката за одбрана Радмила Шекеринска, началникот на ГШ на АРМ,  генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, семејствата, бројни делегации од здруженија на бранители, од општина Прилеп. Заеднички беше споделена болката по загинатите и беше посочено дека за семејствата не постојат зборови на утеха кои ќе ја исполнат празнината во нивните срца... На спомен-обележјето во Прилеп, министерката за одбрана Радмила Шекеринска порача дека наша должност е да гледаме напред, но да ги одбележуваме и да се сеќаваме на жртвите направени во минатото, особено на оние кои ја направија најголемата жртва кога државата ни беше на чекор до бездна. „За да имате доблест да гледате во иднината, мора да ги цените, да ги одбележувате и да се сеќавате на жртвите направени во минатото. И затоа сме тука во Прилеп, да се сетиме на десетмината прилепски бранители кои веќе не се со нас. Да го почитуваме нивното дело, да ја цениме и денес нивната храброст за да покажеме достојна почит кон сите семејства кои ги изгубија своите најмили. Кога се сеќаваме на жртвата пред дваесет години, мислам дека е редно да оддадеме признание и на жртвата и ризиците со коишто се соочуваат стотици војници кои сега се на територијата на целата држава. Тие ги прекинаа сите други активности за да се приклучат на заедничката цел – да ги заштитат луѓето, да ја заштитат државата, да ги заштитат и материјалните добра. Со храброст во срцата и беспоштедно за својата земја“, посочи министерката Шекеринска. Градоначалникот на Прилеп, Илија Јованоски, изјави дека треба да бидеме горди на нивниот патриотизам, бидејќи застанаа на браникот на татковината, но и дека  оваа жртва од 2001 треба да биде порака, опомена, сите спорни прашања во политичката битка да се решаваат со преговори. Дваесетгодишнината од загинувањето на бранителите кај Карпалак беше одбележана и во касарната „Мирче Ацев“ во Прилеп. Командантот на Артилерискиот баталјон, потполковник Славчо Кузманоски, рече дека нема да бидат заборавени. „Ние не потклекнуваме, трагичните настани ќе ги преточуваме во спомени и  ќе бидат на страниците на историјата, која на поколенијата ќе им ги пренесува сликите за настаните, но и доблестите и родољубието на чуварите и бранителите на сопствените огништа, на мирниот сон на нашите најмлади и на достоинствените вредности на човекот“ – рече потполковник Кузманоски. Беше посетена и спомен-собата на Баталјонот каде што се чуваат спомените за загинатите.

К.М.

Македонија, положија свежо цвеќе на неколку локации. Владината делегација предводена од државните секретари на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, Драган Николиќ и Магдалена Несторовска, оддадоа почит и положија цвеќе пред спомен-обележјата во Општина Ѓорче Петров, село Волково, село Љубанци и касарната Илинден.  Почит кон загинатите армиски резервисти кај Љуботенски бачила во 2001 година, со положување на венци од свежо цвеќе на споменикот на загинатите бранители во село Љубанци, оддадоа и претставници од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Почит кон загинатите кај Љуботенски Бачила оддадоа и претставници на локалната власт и блиски и членови на семејствата.



На 10 август 2001 година, на патот кај месноста Љуботенски Бачила, армиско товарно возило нагази на две противтенковски мини. Животите ги загубија Томе Бадаровски, Гоце Чанкуловски, Бранко Јанев, Томислав Настевски, Марјанчо Бошковски, Ивица Златевски, Томе Димовски и Раде Јанковски, припадници на резервниот армиски состав од гарнизонот Скопје.

# 20 години по 11 септември Колку е силна „Ал Каеда“ во 2021 година?



На 11 септември 2001г. , 19 милитантни екстремисти кои беа дел од терористичката организација „Ал Каеда“ киднапираа четири авиони и извршија самоубиствени напади во САД. Два од авионите се срушија во кулите близначки на Светскиот трговски центар во Њујорк, третиот авион се сруши во Пентагон, а четвртиот авион се урна во Шенксвил, Пенсилванија. На 11 септември 2001 г., во 8 часот и 45 минути, „Боинг 767“, натоварен со 20 тони гориво, во близина на 80-тиот кат се урна во северната кула на Светскиот трговски центар во Њујорк. Веднаш беа убиени стотици луѓе, а голем број беа заробени на повисоките катови. Како што започнуваше евакуацијата, во живо се емитуваше настан што првично се сметаше за несреќа. 18 минути по ударот на првиот авион, вториот „Боинг 767“ се сруши во втората кула на Светскиот трговски центар во близина на 60-тиот кат. Ударот предизвика огромна експлозија што ги опфати околните згради и улици. Веќе беше јасно дека САД се нападнати. Додека милиони луѓе ги следеа настаните што се одвиваа во Њујорк, над Пентагон кружеше „Боинг 757“. Во зградата на Пентагон се наоѓа Командата на копнените, поморските и воздушните воени сили на САД, како и Кабинетот на државниот секретар за одбрана. Всушност, зградата е поставена со цел на едно место да се собере целото воено управување на САД. Изградбата на Пентагон започнала на 11 септември 1941 г.. Кога Пентагон бил изграден, никој не можел да претпостави дека тој ќе стане споменик на воената моќ на САД и цел за терористички напади. Во 9:45 часот, на 11 септември 2001 г., во западната страна на Пентагон се сруши уште еден авион. Авионското гориво предизвика разорна деструкција, што доведе до структурен пад на дел од бетонска зграда. За 15 минути откако терористите го нападнаа Пентагон, во Њујорк се случи катастрофа, јужната кула на Светскиот трговски центар се сруши во огромен облак од прашина и чад. Структурниот челик на облакодерот, изграден да издржува ветрови поголеми од 250 км на час и голем конвенционален пожар, не можеше да ја издржи огромната топлина што ја создаде авионското гориво. Во 10:30 часот се урна северната кула близначка. Во кулите на Светскиот трговски центар во моментот на нивното уривање преживеале само шест лица. Скоро 10 000 други биле третирани за повредени, а многумина од нив биле со потешки повреди. Четвртиот киднапиран авион, бил летот „93“ на „Јунајтед ерлајнс“, кој започнал од Њујорк во 8:42 часот, само неколку минути пред првиот киднапиран авион да го погоди Светскиот трговски центар. Авионот превезувал седум члена на екипажот и 33 патници, помалку од половина од неговиот максимален капацитет и летал кон Калифорнија. Исто така, на летот биле и четирите киднапери кои успеале во авионот да внесат ладно оружје. Доцнењето на полетувањето на авионот го нарушил планот на терористите за започнување на нивниот напад, бидејќи за разлика од киднаперите на другите три авиони, тие не се обиделе да ја преземат контролата над леталото скоро 40 минути по започнување на летот. Во меѓувреме, диспечерот за летови на „Јунајтед ерлајнс“, ги информирал пилотите за нападите врз Светскиот трговски центар, со предупредување дека е можен упад

САД ја одбележуваат 20-годишнината од терористичките напади на 11 септември. Во нападите на 11 септември беа убиени вкупно 2996 лица, бројка во која спаѓаат и 19-те терористи киднапери во четирите авиони. 2763 лица починале откако двата авиони удриле во кулите близначки на Светскиот трговски центар. Во оваа бројка се вклучени и 343 пожарникари и болничари и 60 полицајци кои се бореа да евакуираат што повеќе канцелариски работници заробени на повисоките катови. Во Пентагон загинаа 189 лица, од кои 64 на летот „77“ на „Американ ерлајнс“, авионот што ја погоди зградата. Во авионот на летот „93“ кој се сруши во Пенсилванија, загинаа 44 лица

во пилотската кабина и киднапирање на авионот. Меѓутоа, терористите успешно се инфилтрирале во пилотската кабина на авионот. Авионот веднаш бил пренасочен назад кон исток. Ситуацијата во авионот била драматична. Патниците и екипажот биле принудени да седат во задниот дел на авионот, а кога ја дознале судбината на трите други киднапирани летови во Њујорк и Вашингтон, сфатиле дека се дел од поголем терористички план за извршување на понатамошни напади на американско тло. Патниците решиле да се организираат и да им возвратат на терористите. Во 9:57 часот патниците и членовите на екипажот на летот „93" ги нападнале киднаперите. Како одговор, киднаперите, загрижени дека патниците наскоро ќе се пробијат до пилотската кабина, донеле одлука да го урнат авионот пред да стигнат до крајната дестинација. Авионот се срушил на поле во Шенксвил, Пенсилванија, со брзина од 600 км на час. Целта на терористите на летот „93" не е сигурно предвидена, но се претпоставува дека киднаперите биле насочени кон Белата куќа или нуклеарните централи што се наоѓаат на источното крајбрежје. Терористичкиот напад го извршиле милитанти од Саудиска Арабија и неколку други арапски држави, финансирани од терористичката организација „Ал Каеда", предводена од Осама бин Ладен. Нивниот мотив за терористичко дејствување бил одмазда за американската поддршка на Израел, учеството на САД во војната во Персискиот Залив и континуираното воено присуство на Блискиот Исток. Дел од терористичката група живееле во САД и посетувале обука за летање со комерцијални авиони, а дел од нив влегле во земјата неколку месеци пред нападите. Киднапираните авиони биле натоварени со голема количина на гориво потребно за долго прекуконтинентално патување. Набргу по полетувањето, терористите ја презеле командата и контролата на четирите авиони, трансформирајќи ги обичните патнички авиони во наведувани ракети.

Претседателот Џорџ Буш во врска со нападите изјави: „Терористичките напади можат да ги разнишаат темелите на нашите најголеми згради, но тие не можат да ги допрат темелите на Америка и не можат да ја уништат американската челична решителност. Ние нема да правиме разлика помеѓу терористите кои ги извршија овие дела и оние коишто им обезбедуваат засолниште".

На 7 октомври започна операцијата „Трајна слобода" и меѓународните напори предводени од САД за соборување на талибанскиот режим и уништување на терористичката мрежа на Осама бин Ладен со седиште во Авганистан. За два месеци, американските сили ефективно ги совладаа Талибанците, но војната продолжи, односно американските и коалициските сили се обидоа да ги поразат талибанските бунтовници со седиште во соседен Пакистан. Осама бин Ладен, успешно се криеше сè до 2 мај 2011 г., кога конечно беше пронајден и убиен од страна на американските сили во неговото скривалиште во Аботабад, Пакистан. Во јуни 2011 г., тогашниот претседател Барак Обама објави почеток на големо повлекувања на војниците од Авганистан. Претседателот Буш, само десет дена по нападите на 11 септември, објави создавање на нова канцеларија за развој и координирање на спроведувањето на сеопфатна национална стратегија за обезбедување на САД од терористички закани или напади. Како резултат на безбедносните мерки преземени по нападите на 11 септември и писмата со антракс во кои загинаа двајца и беа заразени 17 лица, на 8 октомври 2001 г., помалку од еден месец по терористичките напади на 11 септември, е основана Канцеларијата за домашна безбедност. Со Законот за домашна безбедност е создадено Министерството за домашна безбедност, еден од најголемите органи на федералната влада, задолжено за спречување терористички напади, гранична безбедност, имиграции, спасување и спречување катастрофи и други сродни задачи. Министерството апсорбираше 22 агенции во кои спаѓаат и тајната служба, царината и граничната заштита, па дури и крајбрежната стража. Националната комисија, која беше формирана за истражување на настаните на 11 септември, на 22 јули 2004 г. објави извештај во кој за главен архитект на нападите на 11 септември беше обвинет Калид Шеик Мухамед, кувајтски милитант и член на „Ал Каеда". Тој бил уапсен на 1 март 2003 год. во Равалпинди, Пакистан, од страна на

Историјата ни кажува дека во зависност од потеклото, терористичките бранови траат најмалку една генерација или околу 30 години. Милитантните екстремисти претставени од „Ал Каеда" можеби никогаш нема да ја постигнат својата крајна цел, меѓутоа тие докажаа дека во нивниот обид да ја исполнат идеолошката цел, способни се да предизвикаат огромна материјална штета и загуба на голем број човечки животи





пакистанските и безбедносните служби на САД. Пред да биде уапсен живеел во Авганистан, предводејќи ги операциите на терористичката организација. По неговото апсење, Мухамед бил држен како таен затвореник на ЦИА, при што бил подложен на испрашување, додека не бил префрлен во Гвантанамо. Покрај признавањето на својата вмешаност во нападите од 11 септември, тој признал и дека бил дел во повеќе од 30 терористички ќелии во целиот свет. Во август 2019 г., американскиот Воен суд во заливот Гвантанамо, Куба, определи судењето за Мухамед и други четворица обвинети за заговор за терористички напади на 11 септември да започне во 2021 г..

После речиси 20 години борба, американските трупи го започнаа процесот на повлекување од Авганистан. Објавувајќи ја својата одлука за повлекувањето на воените сили од Авганистан, претседателот Бајден изјави дека присуството во Авганистан е оправдано и целта е остварена, а Авганистан повеќе нема да се користи како база од каде повторно ќе се напаѓаат САД. Меѓутоа, според проценките на СБ на ООН, терористичката организација „Ал Каеда" има помеѓу 400 и 600 членови коишто се борат на страната на Талибанците. Американската „војна против тероризмот" е во една нова фаза кога претседателот Бајден се подготвува да ги повлече сите американски сили од Авганистан до 20-годишнината од 11 септември. Но, „Ал Каеда" тврди дека нејзината војна со Америка е далеку од завршена. Во ексклузивно интервју за „Си Ен Ен" спроведено преку посредници, двајца оперативци на „Ал Каеда" велат дека „војната против САД ќе продолжи на сите други фронтови, освен ако САД не бидат протерани од остатокот на исламскиот свет". „Ал Каеда" прогласи победа во Авганистан и направи паралела со повлекувањето на Советскиот Сојуз пред три децении од земјата. Смртта на Бин Ладен ја ослабна „Ал Каеда", меѓутоа овозможи да се основаат нови, како што се на пример терористичката организација „Исламска држава" – ИД. Во изминатите години, злосторствата и нападите на ИД што ги инспирираше во Европа, ја засенија „Ал Каеда". Меѓутоа, за „Ал Каеда" ова претставува тактичка тишина, водејќи долга војна во различни фази. Актуелниот лидер на „Ал Каеда", Ајман ал Завахири, постои само виртуелно и од него ретко може да се слушнат одредени пропагандни изјави. Сепак, групата се гледа себеси сè уште како лидер на сите останати милитантни екстремисти и франшизи кои дејствуваат во Јемен, Сирија, Сомалија и Северна Африка.

По 11 септември, терористичката закана еволуираше и се дисперзираше надвор од Авганистан, а западните сојузници мора да останат будни, без разлика од каде и да доаѓа заканата – Јемен, Сирија, Сомалија или од други места во Африка или на Блискиот Исток и пошироко. Критичарите на одлуката на Бајден предупредуваат дека „Ал Каеда" останува силна и дека, ако заминат американските трупи, Талибанците повторно ќе ѝ дозволат да се регенерира, ќе се намали притисокот на САД против тероризмот и повторно ќе се случат напади против САД, предводени од Авганистан. Иако „Ал Каеда" има свои ќелии во Авганистан, место каде што речиси 20 години се наоѓа основата на терористичката организација, нејзината способност да започне меѓународни терористички напади од таму и од Пакистан е ограничена. По нападите на 11 септември, „Ал Каеда" имаше бројни обиди да изврши терористички напади. Овие обиди не беа планирани од базата во Авганистан, туку од страна на бројните франшизи ширум светот коишто дејствуваат локално. Западните сојузници елиминираа голем дел од лидерите на јадрото на „Ал Каеда". Притисокот од воздушните напади и употребата на специјалните сили спречија формирање на терористички кампови за обука, како оние што постоеја пред нападите од 11 септември. Глобалната разузнавачка кампања ги наруши комуникациите помеѓу оперативците на глобалната терористичка организација, ги прекина финансиските текови и ги онезвоможи да се подготват за извршување напади. Сепак, земјите ширум светот остануваат фокусирани на заканата од „Ал Каеда". Американските преговарачи со години ги притискаа Талибанците да се согласат да ја спречат „Ал Каеда" да го користи Авганистан како безбедно засолниште и полигон за обука и планирање на меѓународни терористички напади.

Феноменот на „Ал Каеда" полека се дегенерира во форма на индивидуална насилна култура, којашто ја применуваат аматери кои често не поседуваат вештини, обука, ресурси и стратешка насока за извршување напади кои подоцна би имале значајни стратешки последици. Доколку демократските држави се воздржат од воени интервенции од поголеми размери во муслиманскиот свет, веројатно е дека бранот на идеолошки мотивираното насилство полека ќе стивнува

Изминатите 20 години, најголема грижа за западните сојузници беше појавата на домашниот тероризам, кој ја надмина заканата од меѓународен тероризам. Во последните десетина години, заканата од домашен тероризам беше многу посмртоносна, а беше инспирирана и претставена од белите супремисти, неонацисти, милиции. Пример е насилството и заканата со којашто се соочи САД пред инаугурацијата на новоизбраниот претседател Бајден. Борбата против домашниот тероризам е многу потешка бидејќи западните сојузници сè уште немаат развиено ефикасни алатки против меѓународниот тероризам.

Сите овие нови трендови, дифузија и транснационализација на структурите на терористичката група, подемот на




религиозно инспирирани идеологии и поголема леталност и бруталност на терористичките операции, го сочинуваат она што обично се нарекува нов бран на тероризмот. Многу е тешко да се предвиди иднината и траекторијата на движењето на милитантните екстремистички организации. Иако очигледно е дека „Ал Каеда" делумно ја изгуби поддршката, сепак Пакистан и Авганистан несомнено ќе останат клучни актери, од каде во иднина ќе произлегуваат повеќето активности на „Ал Каеда". Понатаму, низ целиот свет, а особено во Европа, ќе постојат голем број на следбеници кои се подготвени кога ќе се појави можност да преземат терористички активности.

д-р Ненад Танески



# Руската рута, последната соработка на НАТО и Русија

До 2014 година проектот „Руска рута“ претставуваше еден од најголемите примери за соработка на Русија и НАТО и Русија и САД, во насока на решавање на авганистанското прашање. Конкретно, оваа логистичка комуникација овозможуваше транспорт на снабдувања од северна Германија и балтичките пристаништа, преку Русија, Казахстан и Узбекистан, па сè до Авганистан. Ставањето во функција на оваа рута даде значителни резултати во заштеда на буџетите, но и флексибилност, економичност и агилност во транспортот на воени и невоени материјали и стоки, кои пристигнуваа во Авганистан за потребите на американските и коалициските сили кои беа распоредени таму. Успехот на овој проект кој останува забележан во аналите на модерната историја се огледува во фактот дека во 2009 и 2010 година, кога порастот само на американски трупи бележеше над 50.000, низ Северната дистрибуциска мрежа пристигнуваа дури 40% од целокупните снабдувања за потребите на ISAF. Набргу потоа, веќе до март 2011 година преку „Руската рута“ се транспортирани до 50% од снабдувањата за одржување на трупите на САД во Авганистан.
Односите помеѓу НАТО и Русија значително се ограничени од интервенцијата на Русија во Украина и анектирањето на Крим во 2014 година и

НАТО-мисијата ISAF претставуваше мост помеѓу Истокот и Западот и своевидна платформа за соработка на дипломатски план помеѓу НАТО и Русија. Еден од проектите кои значително придонесоа во борбата против тероризмот во мисиите ISAF и „Enduring Freedom“, а го најдоа својот зачеток во потребата од непречено снабдување на распоредените трупи за овие мисии, беше Северната дистрибуциска мрежа и нејзината „Руска рута“



не постојат изгледи дека истите би биле задвижени во која било насока во блиска иднина. Воедно, од истата причина се намали соработката на идните и на веќе договорените проекти помеѓу овие страни. Како последица од ваквата политика, во 2015 година, „Руската рута“ прекина да постои, односно се донесе забрана за нејзина употреба за целите за кои беше наменета. Она што се појавува како константа во состојбата со Централна Азија и статусот на авганистанското прашање во моментов е сигурното намалување на бројот на силите на САД и НАТО од авганистанското тло, оставајќи простор за авганистанското лидерство да го преземе управувањето со државата. Она што останува да се појасни е значењето на „Руската рута“ во креирањето на политиките на САД, збогатени со идејата за „Новиот пат на свилата“, улогата на Русија во ограничувањето на оваа визија, а сето тоа на крстопатот помеѓу Истокот и Западот – Авганистан.

Во периодот кога Северната дистрибуциска мрежа и особено „Руската рута“ веќе бележеа значителни резултати и успеси во снабдувањето за потребите на ИСАФ, на американската политичка сцена почна да се оформува и визијата за „Новиот пат на свилата“. Идејата зад оваа визија на тогашниот државен секретар на САД, Хилари Клинтон, беше да се стави Авганистан во главниот јазол во мрежата на евроазиските рути за размена на стока. Насочувајќи ги овие евроазиски рути на овој начин и правејќи го Авганистан крстосница на пазарот за размена и продажба на стоки, целта беше да се забрза стабилизацијата на авганистанското општество и да се зајакне авганистанската економија. Со оглед на тоа дека во овој момент САД играше доминантна улога во процесот на решавањето на прашањето со Авганистан и имаше значителен удел во ISAF, несомнено беше дека интересот за стабилизација на Авганистан и формирање на „Новиот свилен пат“ имаше и значајна економска димензија за Вашингтон. Имено, идејата имаше неколку аспекти: прво, евидентно беше дека мисијата ISAF во одреден момент ќе заврши и дека употребуваните комуникации за снабдување нема да бидат толку потребни, па затоа новата намена на овие сообраќајни комуникации би се ставила во функција на „Новиот пат на свилата“. Со тоа би се дал нов живот на веќе постоечките соорбаќајници, што би претставувало основа за јазолот кој Авганистан требаше да го претставува. Вториот аспект на оваа идеја беше решавањето на економските прашањата за соработка и тргување на дипломатско ниво. Визијата на Клинтон предвидуваше унапредување на соработката на централноазиските држави, во облик на економска алијанса која ќе овозможи економска размена и партнерство во регионот. Третиот аспект на визијата за „Новиот пат на свилата“ беше неговата одржливост и развој, за што се предвидуваше дополнително разгранување на патната, железничката и енергетската инфраструктура низ Централна Азија.

Северната дистрибуциска мрежа и нејзината „Руска рута“ во кулминацијата и завршувањето на мисијата ИСАФ во Авганистан, значително придонесе за соработка на земјите во регионот. За да се сфати придонесот и значењето на соработката на централноазиските држави, благодарение на Северната дистрибуциска мрежа, треба да се сфати контекстот во кој се наоѓа Централна Азија и државите од овој регион. Иако сите централноазиски држави прогласија независност од Советскиот Сојуз на почетокот на деведесеттите години, сепак на еден или друг начин останаа индиректно зависни од Русија. Властите на независните централноазиски држави се соочија со појава на национализам и етничка нетрпеливост, која не ретко доведуваше до инциденти, па и до вооружени конфликти помеѓу различни етникуми, како што беше случајот со Киргистан во 2010 година. Врз основа на тоа која од земјите поуспешно ја контролираше својата внатрешна состојба и беше интерно стабилна, истата таа земја имаше повеќе шанси да решава надворешнополитички прашања и да отвора нови дипломатски дијалози со земјите во регионот и во светот. Па, така, некои од земјите кои не беа во состојба успешно да ја контролираат внатрешната стабилност на земјата, како Киргистан и Таџикистан, дозволија стационирање на руска војска на својата територија која требаше да служи како гарант и помош за обезбедување на внатрешната и регионалната безбедност. Од друга страна, пак, земјите кои можеа да се пофалат со стабилна транзиција во демократија после добивањето на независност, се стремеа своите напори да ги насочат кон остварување на нови дијалози и партнерства, дури и со западни земји, градејќи го своето педигре како земја-лидер во регионот – како што тоа го правеше Казахстан. Казахстан успеа да оствари најголема соработка со НАТО и со САД, за разлика од другите земји во регионот, иако тоа не го направи на сметка на заладување на односите со Русија. Узбекистан важеше за земја која ја менуваше положбата во меѓународните односи, па често им ја подаруваше својата доверба и на Западот и на Истокот. Туркменистан, уште по добивањето на независноста стапи во своевидна форма на изолација и на својата агенда немаше пристапување во каква било регионална или светска безбедносна организација, така што ретко придонесуваше во решавањето на големи регионални прашања, како на пример состојбата во Авганистан.

Односот на секоја од централноазиските земји кон предизвикот што го претставуваше Авганистан, беше различен и основан на надворешните политики на секоја од земјите во регионот. Така можеше да се забележи дека Таџикистан беше релативно отворен спрема Авганистан, дури и помагаше до одредено ниво во снабдување со електрична енергија. Потполно спротивно на ова, Узбекистан, која е една од првите земји кои се ставија на располагање во

Северната дистрибуциска мрежа и нејзината „Руска рута“ денес претставуваат значаен пример за рушењето на еден исклучително скап проект кој многу брзо стана жртва на влошувањето на односите помеѓу Истокот и Западот поради случувањата на Крим во 2014 година



борбата против тероризмот по нападите од 11.9.2001 година, целосно ја затвори својата граница со Авганистан, со исклучок на комуникациите на Северната дистрибуциска мрежа и одредени мрежи кои помагаа во снабдувањето на Кабул со електрична енергија. Што се однесува до проектот „Руската рута“, преку овој проект многу јасно се отсликуваше нивниот интерес за економски придобивки и градење на платформа за зајакнување на нивната унилатерална политика со потенцијалните земји донатори за безбедносни и одбранбени иницијативи или проекти за нивна поддршка.
Интервенцијата на Крим во 2014 година од страна на Русија, доведе до значителна промена на сликата на меѓународните односи помеѓу Истокот и Западот. Официјалното „статус кво“ на односите помеѓу Русија и НАТО, и Русија и САД, беше карактеристично од аспект што Западот скоро унифицирано го оформи својот став дека понатамошна соработка со Русија не е можна, додека Москва не ги промени своите одлуки и не се повлече од територијата на Крим. Ова „дежа ву“ на повторно доведување на односите помеѓу Истокот и Западот во ќорсокак, направи да стане извесно дека една од првите жртви на овој дипломатски застој, ќе биде токму „Руската рута“. Москва беше потполно свесна за својата моќ за преговори благодарение на Договорот за Северната дистрибуциска мрежа, дури и московската научна фела, само два дена по анектирањето на Крим објави дека во моментот, главниот адут за преговори на Русија со Западот е токму „Руската рута“. И во овој случај Русија одигра на веќе познатиот дипломатски шаблон, дозволи Западот прв да донесе одлука за прекин на соработката, за набргу потоа и Москва да ја донесе истата резолуција, потенцирајќи ја причинско-последичната врска, неизбежноста и логичноста на својот дипломатски потег. На 15 мај 2015 година, рускиот премиер Димитри Медведев издаде резолуција за затворање на Северната дистрибуциска мрежа, односно на железничките и патни комуникации кои минуваа низ Русија, кои сè до тогаш обезбедуваа снабдување на контингентите на ISAF уште од 2008 година.
Иако ова не претставуваше толку голем удар врз логистиката за трупите во Авганистан, како што тоа би било доколку се случеше околу 2011 година, сепак, не може да се релативизира затворањето на една од најзначајните и економски најисплатливите логистички рути за мисиите ISAF, „Enduring Freedom“ и „Resolute Support“. Со оглед на фактот дека Централната линија на комуникација или рутата која доаѓаше од пристаништето Мерсин од Турција, не беше засегната со забраната која стапи на сила во 2015 година, повторно се стави акцентот на снабдувањето преку јужните, односно централните комуникации. Со ова, состојбата стана безмалку идентична со онаа на почетокот, во 2008 година, кога за првпат се појави потребата од дополнителна снабдувачка траса за силите распоредени во Авганистан и кога проектирањето на Руската рута беше во работна верзија.

> Во периодот кога Северната дистрибуциска мрежа, а особено „Руската рута“ веќе бележеа значителни резултати и успеси во снабдувањето за потребите на ИСАФ, на американската политичка сцена почна да се оформува и визијата за „Новиот пат на свилата“. Идејата зад оваа визија на тогашниот државен секретар на САД, Хилари Клинтон, беше да се стави Авганистан во главниот јазол во мрежата на евроазиските рути за размена на стока




Северната дистрибуциска мрежа и нејзината „Руска рута“, денес претставуваат значаен пример за рушењето на еден исклучително скап проект кој многу брзо стана жртва на влошувањето на односите помеѓу Истокот и Западот, поради случувањата на Крим во 2014 година. Сепак, овој пример, покрај тоа што ќе остана запаметен како една од најзначајните, а воедно и последни примери на соработка помеѓу НАТО и Русија, резултира и со други научени лекции. На пример, заедничкото учество на централноазиските земји во поддршката на функционалноста на „Руската рута“, го направи овој проект доволно моќен за да може значително да влијае на промената на системот на меѓународни односи во регионот, а тоа дополнително да стане императив за ажурирање на стратегијата на САД со Евроазискиот регион. Оттука, визијата продолжува со идејата на Вашингтон за „Новиот пат на свилата“, што требаше да се изгради на темелите, соработката и постоечката инфраструктура на Северната дистрибуциска мрежа, после завршувањето на мисиите во Авганистан. Сепак, главниот предуслов за ова да се случи беше продолжување и одржување на присуството на САД во Централна Азија, што во изминатиот период се намалува, а природната географска положба на Русија и Кина дозволуваат Русија да го потврди и да го обнови своето присуство во регионот индивидуално или преку една од азиските меѓународни организации, а Кина преку Шангајската организација за соработка да ја зголеми економската зависност на централноазиските земји и евентуално да ја имплементира својата визија за „Новиот пат на свилата“. Воопшто не е исклучена тезата дека и добрата волја на Русија за поддршка на идејата за Северната дистрибуциска мрежа одигра мошне значајна улога во зголемувањето на соработката помеѓу централноазиските земји но, сепак, фактот што сите земји во регионот прифатија да учествуваат, на еден или на друг начин, во снабдувањето на силите на ISAF, говори многу за зголемувањето на соработката помеѓу овие земји, на иницијатива на Западот. На крајот, решавањето на авганистанското прашање во соседството беше и сè уште е од интерес за сите централноазиски земји. Справувањето со милитантниот исламизам и екстремизам кој фигурира во сите безбедносни агенди и стратегиски одбранбени документи, не само за време на траењето на мисијата ISAF, туку и денес, е актуелен предизвик со кој се соочени земјите од Централна Азија. Иако во изминатите пет години централноазиските земји, помалку или повеќе, летаргично поминуваа преку идејата за здружување и сериозно соочување со предизвикот кој го сочинуваше близината со Авганистан, сепак, за очекување е во наредниот период да се забележат значителни конвергенции на политиките и силите во насока на одржување, пред сè, на домашната безбедност во централноазиските земји.

Бојан Миклош



# Команда за поддршка и логистика Joint Support and Enabling Command

Командата за поддршка и логистика треба да обезбеди во кризна ситуација НАТО да може побрзо да преместува војници низ цела Европа, односно да дава поддршка за безбедноста, слободата на движење и поддршката за силите на НАТО што се движат низ целиот континент. Во градот Улм во Германија е сместен и мултинационалниот заеднички штаб на Германија, кој планира и вежба, команда и контрола на операциите за управување со кризи за НАТО, Европската Унија и Обединетите нации. Случувањата со Кримскиот Полуостров претставуваше сериозен предизвик за мирот и безбедносната архитектура во Европа. Оттогаш, донесените одлуки на самитите на НАТО се одговор на Алијансата на овие случувања со поголем акцент на нацоналната и колективната одбрана, како и со посебен фокус на источните граници на НАТО. Поради тоа, сместена во срцето на Европа, Германија ќе ја игра критичната улога на овој стратешки центар на НАТО. Врховниот командант на сојузничките сили на Европа (Supreme Allied Commander Europe - SACEUR), генерал Tod D. Wolters, германскиот заменик началник на одбраната, генерал-потполковник Markus Laubenthal и претставници на 16 земји-членки на НАТО на 14 мај, 2021 година во Врховниот штаб на сојузничките сили на Европа (Supreme Headquarters Allied Powers Europe -



SHAPE) во Монс, Белгија, го потпишаа Техничкиот административен договор на Здружената команда за поддршка. Договорот ја дефинира правната рамка за главната задача на Здружената команда, содржи јасни, договорени и обврзувачки правила за сите нации кои придонесуваат и ја покажува нивната посветеност кон новата улога на JSEC и кон Алијансата во целина. Како витална компонента на способноста на НАТО за сеопфатно одвраќање и одбрана низ Евроатлантската област, следните чекори во процесот на основање ќе бидат насочени кон официјалното преземање на командата од страна на врховниот командант на сојузничките сили на Европа, како и нејзино активирање како меѓународен воен штаб од Северноатлантскиот совет, а со единствена цел да се зајакне подготвеноста на Алијансата во услови на криза и конфликти. Генерал-потполковник Jürgen Knappe, првиот командант на Здружената команда, ја цени посветеноста на земјите потписнички и на Врховниот штаб на сојузничките сили Европа, кон една голема пресвртница и нејзина целосна подготвеност како воен штаб на НАТО. Здружената команда за поддршка и логистика на Алијансата во текот на 2019 година ја постигна првичната оперативна способност. Нејзиното воспоставување служи за поттикнување на можностите за одвраќање и одбрана на НАТО како одговор на различно безбедносно опкружување. Таа ќе помогне да се забрза, да се координира и да се заштити движењето на сојузничките сили преку европските граници. Во таа насока, набргу после потпишувањето на Техничкиот административен договор за Здружената команда за поддршка се реализира првата вежба на командно место како дел од водечката вежба на НАТО позната како „Steadfast Defender 2021“. Таа започна на 20 мај 2021 година во водите на Португалија, со учество на околу 300 учесници од 18 нации и со вклучување на Постојаната здружена група за поддршка на логистиката (Standing Joint Logistics Support Group - SJLSG). Целта беше насочена кон извежбување и координација на брзото и непречено движење на сојузничките сили и нивното одржување преку европските граници. Вежбата претставува големо поморско распоредување преку Атлантикот до брегот на Португалија, со фокусирање и подобрување на способноста на НАТО да ги заштитува и брани линиите на комуникација што овозможуваат трансатлантско засилување. Додека JSEC се фокусираше на овозможување на движење и интеграција на околу

Во јуни 2018 година, министрите за одбрана на НАТО одлучија да ја приспособат командната структура на Алијансата со новата Северноатлантска команда во Норфолк, Вирџинија, САД (Joint Force Command Norfolk - JFCNF), која ќе помогне да се обезбедат и да се осигураат морските линии на комуникација помеѓу Северна Америка и Европа, како и со новата Команда за поддршка и логистика во Улм, Германија (Joint Support and Enabling Command – JSEC)

15.000 симулирани сили во областа на одговорност на Врховниот сојузнички командант на Европа (SACEUR), SJLSG се фокусираше на координирање на предвидените сили и постојаниот проток на нивното одржување. Вежбата беше предводена од Заедничкиот центар за војување во Норвешка и претставуваше огромен предизвик за можностите за соработка на сите учесници. Како напомена и како дел од командната структура на НАТО, центарот во Норвешка директно ги поддржува мисиите на Врховниот сојузнички командант за трансформација (SACT) и Врховниот сојузнички командант за операции на Европа (SACEUR).

Концептот за Здружената група за поддршка на логистиката, иако постои од 2010 година, е нов и сè уште тежок за разбирање за многу логистичари во повеќе земји членки на НАТО. Оваа заедничка генерирана сила и распоредлива логистичка способност обезбедува команда и контрола на доделените логистички сили од театарот до тактичките нивоа за поддршка, а е составена од членките на НАТО, партнерите и нациите што не се членки на НАТО. Главната цел на Здружената група за поддршка на логистиката е да се овозможи поголема соработка во логистиката низ НАТО и да се намалат нејзините вкупни трошоци за НАТО и за земјите кои придонесуваат. Дадено е дека ниту една единствена нација не може ефикасно да ги поддржува своите сили во операција на НАТО, без единствен штаб за координација и насочување на логистиката во одредена област на операции. Ваквата поддршка го надополнува и го олеснува товарот на националната логистика и постигнува поголема економичност на напорите преку оптимизирање на расположивите сили и создавање единствена логистичка команда.
Во помали операции и со помалку нации, идејата за JLSG е лесно изводлива. Предизвикот настанува кога операцијата станува посложена, се зголемува бројот на вклучени нации и се зголемува поддршката што ја бараат воздухопловните и поморските компоненти. Во моментов има четири здружени групи за поддршка на логистиката, распоредени во седиштето на Командата на здружените сили на НАТО во Брунсум и во седиштето на Командата на здружените сили на НАТО во Неапол.

Драган Павловски





# Под знамето на ОН

## Примарни области во исполнувањето на мировните мисии

Мировните мисии биле и останаа најризичните заложби на ОН кон светскиот мир. Очекувањата на меѓународната заедница честопати се многу високи. Луѓето очекуваат мировните операции на ОН, со безброј предизвици, да имаат политичка поддршка од земјите членки

Општо гледано, мировниците се распоредуваат и мировните операции се водат во средини со различни предизвици. Бројот на пошироки вооружени конфликти во светот е три пати поголем во последните години и мировните операции сè повеќе се изведуваат во опкружувања со висок ризик. Доколку го издвоиме посебно исполнувањето на мировните мисии во услови на пандемијата од Корона вирусот, последнава деценија, „сините шлемови“ најмногу внимание посветиле на четири области кои се сметаат за предизвици на кои е неопходно да се посвети поголемо внимание при исполнувањето на мировните операции на терен. Организацијата на ОН останува посветена на истите и во иднина.

1. Постигнување траен мир единствено преку изнаоѓање прифатливи политички решенија.
2. Изнаоѓање прифатливи решенија, земајќи ја предвид природата на конфликтот и значењето на мировната операција.
3. Унапредување на глобалното и регионалното партнерство во областа на безбедноста.
4. Поголема посветеност од страна на Секретаријатот на ООН.

### 1. Изнаоѓање прифатливи политички решенија

Иако ООН соработува со сите засегнати страни во одржувањето на мировни процеси, тоа е сè поголем предизвик во глобални рамки, во средини каде се загрозува владеењето на правото.

За постигнување поголеми резултати во оваа област, аналитичарите посочуваат на следните мерки:

- попрецизни информации и анализи од настаните на теренот, со цел дефинирање ефективен мандат од страна на Советот за безбедност при ОН;
- суштинско вклучување на повеќе субјекти при развивањето на мандатот на мисијата (Комисијата за градење мир, регионални засегнати страни, групи пријатели и сл.);
- подобрување на анализите кои се користат при планирањето и развојот на мандатот на мисијата, со акцент на двигателите на конфликтот и на мировните напори.

Овие предлози се значајни од повеќе причини. И покрај постојаното вложување напори за изнаоѓање политички решенија за конфликтите, секоја ситуација и сценарио се различни. Од тие причини денес постојат конфликти кои траат со децении, иако е неприфатливо мировните операции да траат вечно. Во принцип, воената компонента во мултидимензионалните мировни мисии создава можности за

дејствување на политиката и заштита на цивилното население. Генерално, времето за политички дијалог и ангажман е ограничено. Тоа значи дека е неопходно инволвираните страни да се поттикнат што поскоро да ги искористат можностите за изнаоѓање политичко решение, иако тоа не се случува без поддршка од надворешни фактори во конфликтот. Во тој процес, покрај поддршката од страна на постојаните земји членки на Советот за безбедност, неопходни се и регионалните иницијативи. Особено важна улога во барањето политички решенија имаат и соседните земји. Не помалку важни се и партнерствата со регионални организации.
Временски оддржливите политички решенија, исто така, бараат постојани напори за инвестирање во мир. Неопходно е агенциите, фондовите и програмите да се применат во најраните фази на мисијата, особено ако тие се рефлектираат на видлив напредок во зајакнувањето на безбедносниот сектор, владеењето на правото, човековите права или одржливиот развој. Дополнително, ефектите би биле поголеми доколку со тие напори бидат вклучени и жени и млади луѓе.

## 2. Природа на конфликтот и значење на мировната операција

Имплементацијата на мисијата е фокусирана на тоа како мисијата и нејзиното раководство можат поефикасно да го спроведат градењето на мирот (peacebuilding), како дел од политичката стратегија на мировната операција, од започнувањето па сé до целосната имплементација на мисијата. Со преземањето на обврската за изградба на мирот, мировните операции се насочени кон поддршка на развојот на националните и локалните институции во земјата домаќин.
Ова подразбира директна соработка, истовремено со владата на земјата домаќин и со вооружените, опозициските и маргинализираните групи. Покрај нив, соработка е неопходна и со засегнатите страни кои традиционално се занемаруваат (деловните луѓе, младинските активисти, маргинализираните заедници, жените...). Последен пластичен пример за значајот на вклучување на релевантни субјекти во изнаоѓање соодветни политички решенија биле и преговорите во Централноафриканската Република, во кои, покрај ООН, во дискусиите биле вклучени и Африканската унија и вооружени групи.

Неопходна е и детална анализа на ваквата соработка, планирање на наредните постапки, редовна и непречена комуникација со засегнатите страни и транспарентност во постапката. Сево ова е потребно за командите на мировните мисии да развиваат стратегии фокусирани на решавање на причините за политички недоразбирања во земјата домаќин, прифаќајќи ги иницијативите за решавање на конфликтот. Во спротивно, многу е лесно мисијата да пропадне.

ОН продолжуваат да дејствуваат заедно со регионални организации и партнери на билатерална основа. По бројни анализи, заклучено е дека не постои единствен одговор на прашањето: Дали постојните договори за партнерство, особено меѓу ООН и регионалните организации, се ефикасни во нивната имплементација? Мислењата се поделени. Едни тврдат дека ООН е во добра позиција да делува ефикасно со други актери и успешни се во заедничкото планирање и анализа на мисиите, додека, пак, други сметаат





## 3. Глобално и регионално партнерство

Партнерствата се клучни за успехот на мировните операции на Организацијата на ОН. Во многу сегменти на мировните мисии,

дека за вакво нешто е потребно повеќе работа, особено кога станува збор за фазата на спроведување на мисиите на терен.
Често се поставува и прашањето: Кој во практика е директно одговорен



за развој на овие партнерства, и покрај целата реторика за нивно поддржување? Еден од начините да се обезбеди постојана координација меѓу партнерите е преку воспоставување специфични позиции во кадровската структура на Организацијата на ОН и во самите регионални организации (Африканската унија и Европската Унија), кои би биле директно одговорни за развојот и одржувањето на овие партнерства. Потребно е и повеќе внимание при идентификувањето и разграничувањето на предностите со кои ОН ги започнува и ги спроведува мировните операции, за разлика од другите актери, вклучително и регионалните субјекти.
ОН поседуваат меѓународен легитимитет во нивното дејствување во мировните операции и се перципираат како неутрални, што не е случај со регионалните актери и коалиции. Ваквите размислувања се важни за Советот за безбедност при одобрување мировни мисии и спроведување теренски контакти со други организации. Во процесот на изготвување на договорот за партнерство, јасно се дефинираат улогите и одговорностите на различните актери вклучени во мировната мисија, уште од првите фази на планирање на операциите. Ваквиот став на ОН останува непроменет од причина што ООН продолжува да се потпира на надворешни партнери за поддршка при спроведувањето мировни операции.

## 4. Посветеност на Секретаријатот

Мировните операции, за да бидат ефективни, мора да бидат добро синхронизирани на сите нивоа на донесување одлуки – од Советот за безбедност преку раководните тимови, сé до командата на самата мировна операција. Со навремените одлуки кои се донесуваат во седиштето на ОН се овозможува брзо реагирање во исполнувањето на мировните мисии на терен.
Сепак, во практика, понекогаш, во одржувањето на тие конекции и пренесување на информации се случуваат и прекини помеѓу овластените за планирање, оние кои ги финансираат, и мировниците кои ги спроведуваат операциите на терен. Со цел поефикасно функционирање на сите конекции и целосно спроведување на политичките решенија, неопходен е и политички ангажман и безрезервна поддршка од страна на Советот за безбедност, земјите-членки и Секретаријатот. Од страна на земјите-членки се сугерира Советот за безбедност да се обиде во имплементацијата на мисиите да вклучи повеќе „групи на пријатели“, земји членки со политички интереси во имплементацијата на мисијата.
Се очекува поголема посветеност на Секретаријатот на ОН во исполнувањето на сите планирани активности, во насока на целосно исполнување на мисиите. Ваквите иницијативи му даваат поголема тежина на ангажманот на Советот за безбедност за поддршка на политичките решенија.

М.С.






# „De Havilland Mosquito"

Втората светска војна се карактеризира со производство на креативни дизајни на авиони, чии карактеристики претставувале посебен натпревар на свестката воздухопловна сцена. Британскиот „De Havilland Mosquito" бил еден од „семоќните" авиони кој претставувал постојан „трн во око" на германскиот непријател

Воздухопловот „De Havilland Mosquito" бил способен за извршување на разновидни функции и борбени операции. Ниту еден друг обид од сојузниците и силите на оската да се произведе сличен авион не успеал. Неговите перформанси биле зачудувачки и тој бил несомнено најголемиот придонес на „De Havilland" во успехот на Британското воено воздухопловство во Втората светска војна. Функционалноста се реализирала во улогите на тежок ловец, бомбардер, ноќен ловец, торпедо-бомбардер, авион за извршување на специјални операции и многу други.



## Дизајн

Легендарниот дизајн подразбирал конструкција наречена „сендвич"-дрвена конструкција. Воздушната конструкцијата се темелела на високо-брзинскиот авион „DH 88 Comet Racer" и авионот „DH 91 Albatross". Дизајнот станал популарен меѓу пилотите и набргу авионот бил нарекуван „дрвеното чудо",

бидејќи целосната конструкција била создадена од дрво. Оргиналната замисла на авионот била креирана врз концепт на невооружен извидувачки авион, способен да лета на големи висини. Но, покрај исполнување на оргиналната замисла и демонстрацијата на импресивни карактеристики, тој набргу бил употребуван во противбродски мисии, во улогата на ловец-бомбарер и класичен бомбардер. Почетокот на овој авион датира од 1938 година кога одговорните власти доставиле барање на производство на повеќенаменски, тешко вооружен воздухоплов. Џефри Де Хавиленд на ова барање одговорил дека неговата компанија е во можност да произведе бомбардер со два мотори кој ќе има толку добри перформанси што авионот нема да има потреба од одбранбена опрема. Властите не покажале интерес и наредиле компанијата „De Havilland" да биде во функција на секундарна странка во договорот, односно да произведува делови за авиони под раководство на друга компанија. Компанијата „De Havilland" произведувала крила за други бомбардери. Во 1939 година, Велика Британија била во војна и приоритет за производство добиле ловците од типот на „Supermarine Spitfire" и „Hawker Hurricane". Исто така фокусот бил и на производство на бомбардери од типот „Avro Lancaster" и „Vickers Wellington". За ова производство да биде успешно, било потребно да се создадат услови, односно нови соодветни објекти за производство. Меѓутоа, со прогресот на војната, снабдувањето на стратешките суровини за производство на овие авиони било екстремно тешко, па потребата од нестратешки ресурси била многу важна. Овој аспект овозможил „Mosquito" да прерасне во реалност, бидејќи авионот бил изграден од дрво, односно нестратешка суровина. Иако одбиен од властите на почетокот, итната потреба од борбени воздухоплови придонела за спроведување на нарачка на 50 „Mosquito" лесни бомбардери со способност да развиваат над 643 километри на час. Покрај оваа нарачка, импресивните карактеристики на авионот придонеле кон спроведување на уште една нарачка на „Mosquito" во варијанта на ловец. Имено, производството на прототипот започнало во месец март 1940 година. Покрај неколку пречки,



| ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „DE HAVILLAND MOSQUITO MK XVI" (ВАРИЈАНТА БОМБАРДЕР) | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 2 |
| ДОЛЖИНА | 13.56 метри |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 16.51 метри |
| ВИСИНА | 5.31 метри |
| ПОВРШИНА НА КРИЛА | 42.2 квадратни метри |
| МОТОР | - Еден клипен „линиски" мотор „Rolls Royce 76 V12" со течно ладење и способност за развивање на 1710 коњски сили.<br><br>- Еден клипен „линиски" мотор „Rolls Royce 77 V12" со течно ладење и способност за развивање на 1710 коњски сили. |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 668 километри на час |
| ОПСЕГ НА ОПЕРАТИВНО ЛЕТАЊЕ | 2100 километри |
| МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ЛЕТАЊЕ | 11000 метри |
| СТАПКА НА ИСКАЧУВАЊЕ | Искачува висина од 14.5 метри во период од една секунда |
| ВООРУЖУВАЊЕ | 1800 килограми на бомби |



компанијата „De Havilland” успеала да опстои и да го произведе овој легендарен авион со помош на свое финансиско вложување.

Производството создало неколку прототипови низ кои се филтриларе недостатоците на авионот. По влегувањето во активна служба, аивонот бил веднаш успешен.

Тој бил познат по своите одлични способности за извршување на операции за прецизно бомбардирање, особено на ниски висини. Неговиот развој резултирал со повеќе варијанти за извршување на различни функции. Овие варијанти имале импресивен капацитет на носивост на бомби, како и носивост на гориво. Во изработката на авионот биле вклучени повеќе секундарни компании кои изработувале различни делови за авионот. Биле вклучени и компании кои биле познати по изработка на дрвен мебел, како и изработка на кочии. Извонредните карактеристки на авионот се должеле на квалитетниот и логичен дизајн.

Тој имал два мотори кои развивале голема моќ и брзина. Брзината се должела на лесната тежина на дрвената конструкцијата. Воедно, конструкцијата овозможувала и лесно придвижување на контролите на авионот. Воздухопловот ја стекнал својата слава во повеќе важни борбени операции. Една од најпознатите е операција „Џерико“ кога група на „Mosquito” ловци-бомбардери ги уништиле надворешните и внатрешните ѕидини на германскиот затвор кој бил лоциран близу градот Амиен. Ова било овозможено со брз и низок лет и точно навремено бомбардирање. Операцијата била успешна и овозможила бегство на 255 сојузнички затвореници. Исто така, овој авион ја уништил и радио станицата во Берлин во момент кога Херман Геринг (главниот командант на германските воздухопловни сили) го одржувал својот говор по повод 10-годишнината на нацистичкото владеење во Германија.

Можеби најдобриот факт за овој воздухоплов е дека бил првиот авион кој ги поместил границите на размислување за тоа како еден бомбардер треба да изгледа и функциоцнира. „Mosquito” е првиот бомбардер кој не бил вооружен со одбранбена опрема, а можел да носи повеќе товар (бомби) од познатиот американски тежок бомбардер „B-17”. „Mosquito” бил управуван од екипаж од двајца, додека еден „B-17” имал екипаж од 10 до 12 луѓе. Американскиот бомбардер бил значително побавен и имал 13 митралези за своја одбрана. По појавата на „Mosquito” секој иден бомбардер бил со поголема брзина и способност за искачување на поголема висина. Воедно, се настојувало и да се напушти концептот на сопствена одбрана од митралези и топови.

Покрај одличните карактеристики, дрвената конструкција имала и свои недостатоци. Проблемите со дрвото биле во неговото несоодветно чување, односно подлежноста на скапување. Исто така, одредени секундарни компании не се држеле до стандардот на квалитет. Тоа значело несоодветно лепење на дрвените делови, несоодветно лакирање на површината итн. Меѓутоа, овие недостатоци биле скоро незабележливи, бидејќи начинот на употреба и перформансите на авионот ги засенувале неговите недостатоци, а и перформансите на неговите противници. Херман Геринг бил голем фан на овој авион. Тој изјавил: „Во 1940 година можев да летам дури до Глазгов со повеќето од моите авиони, но не сега! Ме прави бесен кога ќе го видам Mosquito.

Се претворам во зелен и жолт од завист. Британците, кои можат да си дозволат алуминиум повеќе од нас, создадоа прекрасен дрвен авион кој е произведуван од секоја фабрика за пијано...Тие ги имаат генијалците, а ние ги имаме неспособните. Кога ќе заврши војната, ќе си купам британско радио, барем ќе имам нешто што секогаш ќе работи“. Оваа изјава е доказ за неприкосновеноста на авионот. Неговиот дизајн и разновидна употреба бил клучен фактор во развојот на натамошните тактички бомбардери.

## Варијанти

Биле произведени огромен број на разновидни варијанти на „Mosquito” авиони. Нивната улога се разликувала како и нивниот производител. Некои авиони биле произведени во Канада и во Австралија. Секоја варијанта била наменски опремена за извршување на конкретна улога. Наменските улоги биле класифицирани како: тренажна варијанта, торпедо-бомбардер, ловец-бомбардер, ловец, ноќен ловец, фотоизвидувачка варијанта и бомбардер. Биле произведени 7781 авиони од сите варијанти.

Варијантата на ловец-бомбардер била вооружена со четири „Browning” митралзеи со калибар од 7.7 милиметри и четири „Hispano” топови со калибар од 20 милиметри.

„De Haviland Mosquito” претставувал гордост на британската авијација и пионер во развојот на тактичкиот бомбардер.

Димитар Даневски

> Најдобриот факт за овој воздухоплов е дека бил првиот авион кој ги поместил границите на размислување за тоа како еден бомбардер треба да изгледа и да функциоцнира. „Mosquito” е првиот бомбардер кој не бил вооружен со одбранбена опрема, а можел да носи повеќе товар (бомби) од познатиот американски тежок бомбардер „B-17“



# Тенк „Challenger 3“

На 7.5.2021 година, армијата на В. Британија со компанијата за наменска индустија „Rheinmetall BAE Systems Land“, склучија договор во висина од 800 милиони фунти за испорака на 148 тенкови „Challenger 3“. Првите испораки на новата верзија од тенкот и неговата почетна оперативност се планирани за 2027 година, а целосна оперативност е планирана за 2030 година. Новата верзија „Challenger 3“, за разлика од својот претходник „Challenger 2“ ќе поседува значителни разлики кои му овозможуваат подобра оклопна заштита, подобри дневно-ноќни нишански системи, поголема боева моќ, подобра дигитална комуникациска поврзаност која овозможува поголема свесност за боиштето, поголема моќност на погонот и подобра амортизација. На „Challenger 3“ за потребите на возачот ќе биде вграден нов визир, а напред и назад од тенкот ќе бидат вградени термални камери. За командирот и нишанџијата, за секого посебно ќе бидат вградени нови термални нишански уреди за набљудување, исто така потполно ќе биде интегриран автоматски нишански систем со поголемо видно поле на пребарување, кој ќе овозможи побрзо откривање и следење на целта. Практично, сите позиции на екипажот ќе се дигитализираат, а дигиталната електронска опрема ќе поседува отворена архитектура, со цел полесна надградба. Вградената дигитална комуникациска опрема ќе овозможи мрежно поврзување на сите оклопни возила од баталјонот, со цел зголемување на свесноста на бојното поле. На тенкот ќе биде вградена нова борбена купола со подобар модуларен повеќеслоен оклоп, а во неа ќе биде вграден нов топ со мазна цевка модел L55A1, кој е компатабилен за користење на НАТО тенковската муниција. (Претходно се користеше топот „L30“ со нажлебена цевка.) Меѓу новата муниција што ќе се користи се и моќните гранати DM11PAB (со програмабилна боева глава) и DM53 APFSDS. За поголемо прежививање на боиштето ќе биде вграден сензор за детекција од ласерска озраченост и систем за активна заштита. Основната шасија, како и борбената купола, ќе добие дополнителен модуларен оклоп. Поради зголемената тежина на тенкот која изнесува 66 тони (поради вградениот дополнителен оклоп), погонот на тенкот ќе биде надграден, но со поевтин циклус за одржување, а амортизацијата ќе биде надградена со нови хидрогас амортизери од трета генерација.



# „Quarterhorse“ – хиперсонично автономно беспилотно летало

На 5.8.2021 година Военото воздухопловство на САД со компанијата „Hermeus“ од САД потпишаа договор за соработка во висина од 60 милијони долари, со кој се обврзаа за 3 години да се развијат и да се произведат 3 прототипови и да се изведат летачки тестови со новото беспилотно хиперсонично летало „Quarterhorse“. Исто така, треба да се создаде можност за интеграција на корисен товар при изведувањето на идните автономни хиперсонични летови. Со помош на ова летало компанијата „Hermeus“ треба да ја докаже функционалноста на концепт погонскиот систем, кој е заснован на турбина со комбиниран циклус, базирана околу млазниот мотор GE J85. Во основа се равива комбиниран погон, составен од технолошки оддел за предладење, кој е интегриран на предниот дел од млазниот мотор GE J85, а позади млазниот мотор е поставено дополнителното согорување плус рамџет-мотор. Практично, кога беспилотното летало „Quarterhorse“ со млазниот мотор GE J85 ќе постигне одредена брзина, се активира рамџет-моторот за да се постигне хиперсонична брзина од 5 маха. Компанијата „Hermeus“ преку развојната програма треба да развие и да усогласи користење на автономен систем за повеќекратна употреба, под строго наведени барања и хардверски програми. Успешноста на целокупната програма ќе овозможи создавање на нова генерација летала, како за воена така и за цивилна употреба.




Ивица Дамески






## Припадниците на Командата за операции (КО) и потчинетите единици свечено го одбележаа 18 Август –Денот на Армијата





## 18 Август – Денот на Армијата беше свечено одбележан во Командата за доктрини (КОД)





## Свеченост и крводарителна акција по повод Денот на Армијата – 18 Август во Логистичката база (ЛБ)



# 18 АВГУСТ ДЕН



# НА АРМИЈАТА

# Руски стелт ловец Су-75 „Шах мат"

Според најавите, првиот лет, стелт-ловец авион Су-75 ,,Шах мат" треба да го изведе во 2023 година, додека првите испораки треба да започнат во 2026 година. Најавено е дека руското воено воздухопловство планира да набави 300 летала во временски период од 15 години. Според градбата „Су-75" многу потсетува на експерименталниот стелт-авион од САД, „Boeing X-32".

Во основа Су-75 ,,Шах мат" припаѓа на групата едноседни летала. Според поставеноста на крилата е среднокрилец со делта крила, а според погонот е едномоторно млазно летало. На крајот од леталото се поставени 2 вертикални стабилизатори, додека вшмукувачот за воздух е поставен под кокпитот. Леталото е дизајнирано со помош на суперкомпјутер, а според производителот преоктирано е да поседува лесно и евтино одржување со многу помала цена од стелт-леталата моментално во светот. Според плановите, цената на едно летало би требало да биде од 25 до 30 милијони долари. Во носот на леталот ќе се вградува AESA-радар со можност за следење на 30 цели и истовремено дејство врз 6 цели, додека пред кокпитот е вграден електрооптички нишански систем.

Кокпитот на леталото е опремен со 1 голем главен повеќенаменски колор дисплеј, 2 помали дисплеи, HUD-нишански систем, HOTAS-команди, пилотска кацига со вграден нишански систем, а вградени се и гласовни управувачки команди. За комуникација и пренос на податоци ќе се вградува „data link" тактички комуникатор, а за навигација сателитски систем. Ќе се вградуваат и системи за заштита и електронско војување наменети за попречување и блокирање на непријателските системи. Леталото ќе биде опремено и со дигиталниот систем за логистичка дијагностика „Matreshka".

На 21.07.2021 година во близина на Москва, на саемот МАКС-21 (Международного авиационно-космического салона 2021 года), руската авионска корпорација ОАК (Объединенной авиастроительной корпорации) за првпат на светската јавност ѝ го претстави новиот стелт повеќенаменски борбен авион Су-75 „Шах мат"

Инаку, „Су-75" ќе поседува отворена архитектура за електронска надградба. Досега не е именуван кој модел на млазен погон ќе се вградува, но е наведено дека ќе поседува насочуван млазник. Според производителот, погонот ќе овозможува големо забрзување, можност за суперкрстосување (крстосувачка брзина над 1 мах) и скратено полетување и слетување. Повеќенаменското борбено летало ќе носи голем спектар на современо наведувано и ненаведувано оружје со кое ќе може прецизно да дејствува по цели на копно, на вода и во воздух.

Во конструкцијата на леталото има вградено 3 внатрешни куќишта за сместување на оружја, од кои две помали бочно вградени во трупот и едно големо централно вградено под трупот. Од ракети „воздух- воздух" леталото може да носи вкупно 5 ракети од моделите RVV-MD (мал дострел) и RVV-SD (среден дострел). Од наведувани ракети „воздух-земја" може да ги користи: KH-38MLE (MTE), KH-58 USHKE, GROM-E1/ EM, KH-59MK, KH-35UE и KH-31PD, додека од наведувани бомби може да ги користи KAB-250LG-E, K08BE и K029BE. Од ненаведувани оружја може да користи бомби од 100 kg, 200 kg и 500 kg, но и ненаведуваните ракети S-8 и S-13. Леталото нема да има вградено оружје, но во подвесно куќиште може да понесе автоматски топ.

Според неофицијални извори „Су-75" ќе поседува должина од 17 m, височина од 4,8 m и распон на крилата од 12 m. Тежината на леталото ќе изнесува околу 18 тони, а ќе постигнува максимална брзина од 1.8 маха. Максималниот боев товар кој ќе може да го понесе изнесува 7,4 тони. Со внатрешното гориво леталото ќе поседува долет од 2.800 km, а плафонот на летање ќе му изнесува 16,5 km. Конструкцијата е проектирана да издржува оптеретувања од +8 ,,Г". Според најавите на корпорацијата ОАК, се развива и беспилотна верзија на леталото.

Ивица Дамески



Повеќенаменското борбено летало Су-75 „Шах мат" ќе носи голем спектар на современо наведувано и ненаведувано оружје со кое ќе може прецизно да дејствува по цели на копно, на вода и во воздух. Во конструкцијата на леталото има вградено 3 внатрешни куќишта за сместување на оружја, од кои две помали, бочно вградени во трупот и едно големо централно вградено под трупот








# Авион „Boeing P-8 Poseidon“

Модифицираната варијанта на авионот од типот „737-800“ е специфичен и наменски воздухоплов, развиен од страна на компанијата „Boeing Defense, Space & Security“. Освен во САД, се употребува од страна на вооружените сили во неколку држави: Индиската морнарица, Кралското австралиско воено воздухопловство и Кралското воено воздухопловство на Велика Британија. Соработката продолжува со Кралските норвешки воздухопловни сили, Кралските воздухопловни сили на Нов Зеланд и Морнарицата на Република Кореја. Неговиот претходник „Lockheed P-3 Orion“ бил во употреба од 1962 година, а заедно со воздухопловите „Boeing B-52 Stratofortress“, „Boeing KC-135 Stratotanker“, „Lockheed C-130 Hercules“ и „Lockheed U-2“, се вбројуваат во групата воздухоплови со употреба во САД повеќе од 50 години. Иако „P-3 Orion“ бил опремен со инзвонредно вооружување од типот: AGM-84 Harpoon, AGM-84E SLAM, AGM-84H/K SLAM-ER, AGM-65 Maverick, Zuni Rockets, како и разни видови на поморски мини, проектили и бомби, моделот „Boeing P-8 Poseidon“ е соодветна и добро избалансирана негова замена.

Со посада до 7 членови, максимална тежина на полетување до 85.820 килограми и со максимална брзина од преку 900 км/час, со авионот успешно се реализираат мисии против бродови и подморници, против површински средства, се употребува за разузнавање, надзор и извидување, како и за мисијата пребарување и спасување. Опремен е со широка лепеза на вооружување, која се состои од торпеда и противбродски ракети, а успешно може да се интегрира и да дејствува здружено со други средства, како што е беспилотното летало на „Northrop Grumman“ (Northrop Grumman MQ-4C Triton Maritime Surveillance Unmanned Aerial Vehicle).

## Дизајн, опремување и употреба

Во текот на1960-ите години започнала употребата на авионот „Lockheed P-3 Orion“ во служба на морнарицата на САД. Дваесетина години подоцна, започнале студиите за замена на „P-3



Orion“, чиј опсег и издржливост биле намалени со зголемување на тежината и ограничувањата на неговата употреба како резултат на замор на материјалот на конструкцијата. Затоа и спецификацијата побарувала нов авион со намалени оперативни трошоци и трошоци за логистичка поддршка.
Првично компанијата „Lockheed Martin“ во текот на 1989 година добила договор за развој на авионот „P-7“, но проектот бил откажан веќе следната година. Втората понуда се појавила во 2000 година од страна на неколку компании: „Lockheed Martin“ ја доставил понудата со „Orion 21“ (нова и подобрена верзија на P-3). Предлогот на „Boeing“ се засновал на моделот 737-800, а компанијата „BAE Systems“ ја понудиле новоизградена верзија на „Nimrod MRA4“, британски поморски патролен авион со млазен погон. По повод објавената понуда, во 2004 година компанијата „Boeing“ била избрана за победник. Како подизведувачи се појавуваат многу звучни имиња на компании, како на пример: Raytheon, Northrop Grumman, Spirit AeroSystems, GE Aviation Systems, Marshall Aerospace and Defence Group, BAE Systems и други, а вредноста на проектот се очекува да вреди најмалку 15 милијарди долари. На 30 март 2005 година била доделена ознаката P-8A која денеска е во оперативна употреба. Првиот лет и тестовите се реализирале во текот на 2009 и 2010 година. Потребни биле дополнителни тестови за да се гарантира 25-годишниот животен век (без структурен замор на метријалот, да ги надмине недостатоците и да ја изврши примарната мисија). На 1 јули 2013 година, првичниот извештај за оперативен тест и евалуација открил дека „P-8A Poseidon“ е „оперативно ефикасен, оперативно погоден и подготвен за воведување во постојната флота“. Со цел да се интернационализира проектот заради поголема финансиска поддршка, американското Министерство за одбрана сакало да го следи програмскиот образец за „P-8 Poseidon“, сличен на програмата „Joint Strike Fighter – JSF“, со меѓународна соработка и потенцијални корисници. Авионот се одликува со засилен труп за операции од мала височина и со модифицирани крила кои овозможуваат повеќе удобен и пријатен долготраен лет, подложувајќи го екипажот на помалку турбуленции. Со тоа е зајакната и овозможена подобра концентрација на посадата насочена кон реализација на мисиите. Опремен е со современ радар (Raytheon APY-10 Multi-Mission Surface Search Radar), постои систем преку кој различните податоци од сензорите се комбинираат со софтвер за фузија на податоците и следење на целите, како и останата опрема од типот: Acoustic Sensor System, Passive and Multi-Static Sonobuoys, Electro-Optical/IR Turret,




Моделот „Boeing P-8 Poseidon“ е поморски авион за повеќе мисии, а пред сè е поморски патролен воздухоплов, дизајниран и произведен за морнарицата на Соединетите Американски Држави



Electronic Support Measures System и Digital Magnetic Anomaly Detector. Системот High Altitude Anti-Submarine Warfare Weapon Capability (HAAWC) дозволува воздухопловот да работи од поголема надморска височина за време на операциите против подморниците, притоа избегнувајќи откривање од непријателските подморници. За споредба, неговиот претходник „P-3 Orion“ морал да се спушти на надморска височина од околу 30 метри за да ги ослободи торпедата во борба против целите, а притоа изложувајќи се на противавионска одбрана на непријателот од мала височина. Додатокот за воздушно лансирање и противподморничко војување од голема височина, дозволува распоредување и активирање на вооружувањето од височина од над 9.000 метри. Авионот „P-8 Poseidon“ како што е дизајниран и за мисии од мала височина, веќе ги докажал своите способности за поддршка на хуманитарни операции и мисии за пребарување и спасување. Следење и таргетирање на целите се реализира од страна на неколку позиции кои се наоѓаат во трупот на авионот. Поради долготрајните летови, постои можност за воздушно надополнување со гориво, како и шест дополнителни резервоари.
Првичното распоредување и употреба на авионот започнало на 29 ноември 2013 година, кога шест авиони и 12 воздушни екипи на ескадрилата ја напуштиле својата матична база во Флорида, со упатување кон воздухопловната база во Окинава, Јапонија. Ова распоредување се случило кратко време по зголемување на тензиите во Источното Кинеско Море. Блиски средби на кинескиот ловец „Shenyang J-1“1 се случиле на 19 август 2014 година на растојание од 9,1 метри од авионот „P-8A Poseidon“, додека патролирал во Јужното Кинеско Море. Во ноември 2016 година, рускиот ловец „Su-30“, на растојание од само 1,5 метри го пресретнал овој авион кој оперирал над Црното Море.

Драган Павловски




# „Волат МЗКТ-490100“

## Лесно оклопно возило на тркала на белоруската армија

Возилото „Волат МЗКТ-490100“ може да се конфигурира за да ги исполнува побарувањата за извршување на различни улоги како што се борбени возила, извидувачки, командни и контролни, оклопен транспортер, патролни, медицински возила и возила за логистичка поддршка (карго). Возилото „Волат МЗКТ-490100“ нуди висока мобилност и супериорни теренски перформанси. Првиот прототип на оклопното возило „МЗКТ-490100“ е изграден во декември 2015 година и беше претставен на меѓународната изложба за одбрана и безбедност „Еуросатор 2016“, која се оддржа во Париз, Франција. Основното возило помина серија прелиминарни тестови спроведени од Министерството за одбрана на Белорусија во април 2015 година, додека тестовите за други варијанти се реализираа кон крајот на истата година.

Лесното оклопно возило „Волат МЗКТ-490100“ е дизајнирано и изградено од страна на „Волат“ (OJSC Minsk Wheeled Tractor Factory - Minski Sawod Koljosnych Tjagachei) за поддршка на мисиите на вооружените сили на Република Белорусија. Белорускиот збор „волат“ означува џин или титан



## Дизајн и карактеристики на лесното оклопно возилото „Волат“

Лесното оклопно возило на тркала „Волат MZKT-490100“ се базира на шасија на тркала 4x4, со должина од 6,4 м, широчина од 3,3 метри, вклучува дизајн во облик на буквата „V“ и изработено е од високо квалитетен челик. Има бруто-тежина од 11000 килограми, како и носивост од 1500 кг. Во него може да се сместат двајца членови на екипажот и има можност за транспорт на уште 8 војници. Кабината на екипажот се наоѓа веднаш до моторното одделение во предниот дел на возилото, додека одделот за војници е поставен одзади. Одделот за екипажот исто како и одделот за патниците се опремени со две одделни врати од двете страни, со стаклени прозорци отпорни на куршуми.

Во задниот дел на возилото обезбедена е голема врата со два прозорци за да се овозможи брзо движење на војниците. Под прозорците се поставени отвори/пристаништа за пукање со лично вооружување, се со цел за да им се овозможи на војниците да ја зголемат огнената моќ.

Возилото содржи информативен и контролен систем за следење на вградените компоненти и системи во реално време. Инсталираната опрема во возилото вклучува комуникациски системи, систем за климатизација, систем за ладење на моторот, греење и вентилација.

## Вооружување и контрола на огнот

На кровот од возилото може да биде монтиран „JSC SRPC Shershen-M, ATGM“ – противтенковски водени ракети со кои би се совладувале дури и современи оклопни возила, воени инсталации, како и цели на мали височини до 8 км. Системот за нишанење на вооружувањето има два канали за гледање (тесно видно поле и широко видно поле), ласерски мерач на далечина и независен систем за стабилизација на видот. Со него може да управува двочлена посада и користи четири различни проектили со калибар од 107 мм, 130 мм и 152 мм. Возилото може да биде опремено со далечински управуван систем за набљудување и огнен комплекс „Adunok“ за одбрана на лесни оклопни цели. Опционално може да биде поставена и „Groza-S“, станица за електронско војување против беспилотни летала, наменета за откривање, следење и попречување на беспилотни летала (UAVs).

| ОПШТИ СПЕЦИФИКАЦИИ И КАРАКТЕРИСТИКИ: | |
|---|---|
| ВОЗИЛО | Волат МЗКТ-490100 |
| ПЛАТФОРМА | високо подвижна шасија 4x4 |
| ДОЛЖИНА | 6,4 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,55 метри |
| ВИСИНА | 2,66 метри |
| ТЕЖИНА | 11 тони |
| ПОСАДА | 2+8 војници |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 1000 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 120 km/h |
| ПОГОН | 4x4 |
| ОКЛОП | оклопен челик |
| ВООРУЖУВАЊЕ | митралези од различни калибри, опционално и ATGM |
| МОТОР | YaMZ-53452 Diesel engine (4.4 liters, 215 hp) |
| МЕНУВАЧ | AAZ-4334 од ZIL камиони |
| ГУМИ | Големина на гуми - 14.00R20, модел _ Бел -248, Central Pressure Regulation (RUN FLAT insert optional) |
| СОПИРАЧКИ | Pneumatic, dual circuit, with ABS |

Возилото содржи информативен и контролен систем за следење на вградените компоненти и системи во реално време. Инсталираната опрема во возилото вклучува комуникациски системи, систем за климатизација, систем за ладење на моторот, греење и вентилација





## Способности за самозаштита

Оклопниот труп во облик на буквата „V“ на возилото „Волат МЗКТ-490100“ нуди заштита до класа Br 4 од белоруски стандард GOST R 50963-96, што е еквивалентно на STANAG 4569 Ниво 2. Тактичкото возило нуди и високо ниво на заштита за екипажот и патниците од експлозии на нагазни мини и импровизирани експлозивни направи.
Стаклените прозорци отпорни на куршуми и седиштата што ја намалуваат експлозијата дополнително го зголемуваат преживувањето на екипажот и на патниците.

## Мотор, мобилност и перформанси на „МЗКТ-490100“

Лесното оклопно возило MZKT-490100 е придвижувано од 4,4 литри, четирицилиндричен, турбополначки дизел-мотор YaMZ-53452, развиен од фабриката за мотори „Јарослав“. Моторот обезбедува излезна моќност од 215 КС при 2.600 вртежи во минута, што му овозможува на возилото да постигне брзина до 120 километри на час. Погонскиот агрегат има хидромеханички автоматски менувач MZKT-2361 со шест степени на пренос напред и еден заден.
Независна спирална суспензија е вградена на тркалата за да се подобри маневрирањето при тешки услови на патот.
Возилото е опремено со пневматици од типот 14,00R20, како и примарни и итни пневматски сопирачки со двојно коло со ABS (anti-lock braking system), кој обезбедува одлична контрола при патување по стрмни и нерамни површини.
Опремено со два резервоари за гориво од 130 литри, возилото може да достигне опсег на крстарење од 1.000 километри, додека опционално може да се вградат ran flat-инсерти, односно вметнувачи во широко профилираната гума, кои овозможуваат движење на возилото, кога гумите се издишани, односно онеспособени, со што дополнително се зголемуваат перформансите на подвижност на патот и надвор од патот.

## Варијанти на возилото „МЗКТ-490100“

Заедничката платформа за возила може да се користи за изградба на голем број верзии, вклучително:

- командни возила;
- извидувачки возила;
- возила за воена полиција;
- возила за медицинска евакуација;



Возилото може да биде опремено со далечински управуван систем за набљудување и огнен комплекс „Adunok“ за одбрана на лесни оклопни цели. Опционално може да биде поставена и „Groza-S“, станица за електронско војување против беспилотни летала, наменета за откривање, следење и попречување на беспилотни летала (UAVs)

- возила за логистичка поддршка (карго);
- возила за расчистување на мини.

Возилата „Волат МЗКТ-490100“, иако потекнуваат и се произведуваат во земја од Источна Европа, поранешна членка на Варшавскиот договор и земја која долги години е под економска блокада од западноевропските земји и земјите од НАТО алијансата сепак поседуваат голем број на карактеристики кои ги имаат сите нови софистицирани лесни оклопни возила од последните генерации. Поради пристапот на Белорусија, како и класификацијата, не се познати дел од тактичко-техничките карактеристики на овие возила. Исто така, не е познат бројот на произведени возила и модификациите, познато е само дека се наменети за вооружените сили на Белорусија.

Идриз Идризоски





# Хаубица 105 мм „БОРАН“

Првенствено хаубицата „БОРАН“ била развиена за да ги задоволи оперативните побарувања на пешадиските единици и на специјалните сили (командоси) за изведување на специјални операции. За време на тие операции артилериските орудија за огнена поддршка треба да се транспортираат по воздушен пат со хеликоптери. Хаубицата „БОРАН“, со нејзиниот модерен систем за контрола на огнот, има можност брзо да се позиционира и да биде подготвена за дејство за многу кратко време. Оваа хаубица е целосно интегрирана во системот за огнена поддршка на турската армија. Има способности да се интегрира и во склоп на системи за контрола на огнот и на останатите армии. Хаубицата „БОРАН“ е погодна за употреба и при изведување на операции на планински подрачја. Со оглед на тоа што современите предизвици за ангажирање на артилеријата налагаат ангажман на лесни, ефикасни и мобилни орудија, хаубицата „БОРАН“ целосно се вклопува во сите побарувања. Лесно може да биде влечена и од лесни тактички возила на тркала и да биде транспортирана со разни типови на хеликоптери. Како официјален датум на почеток на проектот „БОРАН“ може да се земе 5 ноември 2009 година, кога и официјално е потпишан договор помеѓу претставници на турската армија и корпорацијата MKEK (Makina ve Kimya Endustrisi Kurumu). Првенствено, хаубицата „БОРАН“ била наменета за опремување на турските вооружени сили, но не е занемарлив и фактот дека оваа современа хаубица нуди и многу можности за извоз кон странските пазари. Генерално, орудието и механичките склопови ги произведува MKEK, а системот за контрола на огнот го произведува „Aselsan“. Хаубицата „БОРАН“ со нејзината петчлена послуга може да се подготви за дејство за 60 секунди. Што се однесува за системот на контрола на огнот, покрај подготовката за оган и управувањето со огновите, истиот е надополнет со радар кој ја мери почетната брзина на цевката и инерцијалниот систем за навигација.

Славчо Кузманоски



Хаубицата 105 мм „БОРАН“ е од турско производство. „БОРАН“ е влечна хаубица која, покрај механичките склопови, е опремена и со современ систем за контрола на огнот

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА Х-105мм „БОРАН“ | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 105 mm |
| НАЧИН НА ПОЛНЕЊЕ | Рачно |
| ДОСТРЕЛ | 17 km |
| ТЕЖИНА | 1720 kg |
| ПОСЛУГА | 5 члена |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | 16 степени |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | од -3 степени до +70 степени |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | 6 проектили за 1 минута |

Кога ќе се чуе зборот „Токарев“, првата асоцијација е пиштолот „ТТ“. Меѓутоа, Фјодор Василевич Токарев, еден од најпознатите советски конструктори на оружје, е изумител и на полуавтоматската пушка „СВТ-40“, за која може да се каже дека е оружје кое во рацете на познавачите било одлично оружје. Пушката „СВТ-40“ е прв обид за масовна полуавтоматска пушка и во голема мера е заборавено парче од советското оружје



# „СВТ-40“ – советска полуавтоматска пушка

Полуавтоматската пушка „СВТ-40“ (на руски: Самозарядная Винтовка Токарева, образец 1940 года), е дело на рускиот дизајнер на оружје, Фјодор Василевич Токарев. Токарев долго време размислувал за придобивките од една полуавтоматска пушка. Всушност, тој во 1910 година поднел предлог за пренамена на пушката „Модел 1891 Мосин-Нагант“, во полуавтоматска верзија, но тоа никогаш не напредувало понатаму од фаза на прототип. Во 1927 година тој дизајнирал прототип на автомат, но во 30-тите години го свртел вниманието кон полуавтоматска платформа за пушки. Тој прв дизајн влегол во употреба во 1938 година како СВТ-38, користејќи ист куршум 7,62x54mmR, како пушката Мосин-Нагант. Советскиот Сојуз и Сталин во 1930-тите сакале да воведат полуавтоматски или целосно автоматски пушки во Црвената армија. Сепак, планот пропаднал како резултат на два проблеми: првиот бил масовната нацистичка инвазија, а вториот бил фактот дека пушката СВТ била скапа за производство и барала повеќе обука за одржување и ракување. Во 1938 година, Сталин лично го избрал дизајнот на советскиот дизајнер на мали оружја Фјодор Токарев, добро познат по неговиот иконски пиштол „ТТ-33“. Пушката „СВТ-38“ на Токарев ги користела барутните гасови за дејство, па по испукувањето на куршумот со калибар 7,62x54mmR, барутните гасови го туркале клипот лоциран над цевката со кратки удари за повторно да вметне нов куршум во цевкта. Оваа нова пушка била употребена во Зимската војна со Финска (1939-40). Резултатите сепак не биле добри, а реакциите од трупите биле многу негативни. Војниците истакнувале дека пушката е предолга и премногу тешка за лесно одржување. Најлошо од сè, таа имала отстранлива рамка за куршуми што испаѓала во несоодветно време. Друга грижа за војниците била неспособноста на „СВТ-38“ да се справува со муниција која имала тенденција лесно да кородира. Ова значело дека пушката имала потреба од често чистење, нешто што не требало да се прави со пушките Мосин-Нагант. Како и да е, „СВТ-38“ добила слаби оценки откако била тестирана во Зимската војна. Производството на СВТ-38 било прекинато во 1940 година со произведени само 150.000 примероци. Очигледниот неуспех го принудил Токарев да ја редизајнира



пушката и таа сега била означена како „СВТ-40“. Била полесна и, што било уште поважно, поедноставна за производство.

Пушката започнала да се произведува есента 1940 година. Советскиот Сојуз планирал да ги замени старите пушки „Мосин-Нагант“ со „СВТ-40“. На хартија, една третина од сите пушки требало да бидат од овој модел. Но, се случила операцијата „Барбароса“, германската инвазија на Русија. Во почетните недели на војната биле заробени стотици илјади пушки, па „Мосин-Нагант“, повторно била воведена во служба. Таа била далеку полесна за производство и барала помалку обука за употреба. До крајот на 1941 година, германските тенкови биле оддалечени само неколку километри од фабриката во Тула, па производството таму морало да се прекине. Германските трупи заробиле значителен број пушки СВТ кои биле толку ценети што Вермахтот изработил прирачник за нивното користење и врз основа на неа развил своја полуавтоматска пушка, „Гевер 43“. Во меѓувреме, соочувајќи се со недостиг на мало оружје за опремување на својата зголемена војска, Советскиот Сојуз се фокусирал на она што може да се произведе масовно и во големи количини. Пушките СВТ чинеле повеќе од лесниот митралез на „Дегтјаров ДП-28“, а десет пати повеќе од пушките репетирки. Уште полошо, за разлика од многуте советски оружја, СВТ била релативно комплицирана за расклопување и одржување.
Во исто време била забележана и вредноста на автоматот „ППШ-41“. Тој ја обезбедувал потребната огнена моќ во блиските борби. Ова, заедно со леснотијата на нивното производство, им дало приоритет на автоматите и репетирките. Последователно, дошло до забавување на производството на полуавтоматските пушки. Во 1941 година биле произведени малку повеќе од еден милион „СВТ-40“. Бројот на произведени пушки секоја година се намалувала, како што војната продолжувала. Наместо да ја донесат понапредната и ефективната полуавтоматска пушка, Советите продолжиле да се фокусираат на репетирките. Затоа, пушката „Мосин-Нагант“ од 1891 година и автоматите „ППШ-41“ биле масовно произведувани, додека само две фабрики ја изработувале „СВТ“. Иако автоматите биле неефикасни над 150 до 200 метри, било полесно регрутите набрзина да се обучуваат во блиска борба да јуришаат на непријателот со автоматски оган. Советскиот Сојуз сепак успеал да произведе околу 1,7 милиони полуавтоматски пушки до моментот кога производството завршило во 1945 година, а пушките СВТ се прикажани на бројни фотографии од војната на Источниот фронт. Дополнително, биле изработени 52.000 снајперски варијанти СВТ со цевки со повисок квалитет и шина за монтирање на оптика со зголемување од 3,5 или 6 пати. Полуавтоматската способност на СВТ му овозможувала на снајперистот да остане фокусиран на целта откако ќе испука, наместо да го репетира оружјето за да го наполни. Ова му овозможувало брз втор истрел, компензирајќи ја евентуалната неточност на првиот истрел. Сепак, производството на снајперската варијанта било прекинато во 1942 година. Исто така, биле произведени неколку дополнителни варијанти на СВТ, вклучително и автоматски пушки „АВТ-40“ кои се покажале како тешки за контрола и склони кон распаѓање при пукање во рафали, така што производството набрзина било прекинато. Исто така, имало и скратена варијанта, карабин СКТ. Оружјето во голема мерка било издавано на подофицери и на персонал на одредени елитни единици. Можеби најголемото нешто што се однесувало на „СВТ-40“ е тоа што користела иста муниција како репетирката „Мосин-Нагант.“ Оваа муниција била користена и кај лесниот митралез на „Дегтјаров ДП-28“. Пушката „СВТ-40“ сè уште била далеку од совршена, таа имала некои недостатоци во дизајнот, како што е премногу комплицираниот регулатор на гас со премногу приспособувања за просечен војник или проблематичната повратна пружина. Како и да е, таа понудила значајни предности за оние подофицери кои имале доволно среќа да бидат опремени

Советските снајперисти, како што е легендарната Људмила Павличенко, ја користеле „СВТ-40“ со голем успех. Таа била наречена „госпоѓа смрт“ и е заслужна за убиство на 309 војници на Оската, пред да биде тешко повредена од минофрлачки оган за време на опсадата на Севастопол







со „СВТ-40“. Таа нудела многу повеќе индивидуална огнена моќ и затоа им се допаѓала повеќе на обучени/образовани, технички образувани луѓе, како на пример на припадници на морнаричката пешадија и снајперистите. Едни од најверните корисници на „СВТ-40“ била морнарицата и морнаричката пешадија. Тие биле вооружувани исто како и единиците на копнената војска, па благодарејќи на службата на воените бродови и базите на флотата на брегот, морнаричките пешадинци и морнарите имале повисок степен на обученост од пешадинците на копнената војска. Затоа, технички посложените пушки „СВТ-40“ во нивните раце служеле значително подолго од оние во копнената војска и ги поминале сите жестоки борби на брегот на Црното Море. Од тие причини, „СВТ-40“ останале како заштитен знак на советската морнаричка пешадија. Инаку, „СВТ-40“ најдолго се задржале токму во служба во морнарицата, неретко можеле да се сретнат на бродовите и во текот на осумдесеттите години на минатиот век. Пушката „СВТ-40“ била омилена и кај членовите на групите за специјална намена на НКВД и ГРУ, кои дејствувале во германската позадина. Тие биле задоволни од неа поради можноста за остварување на голема густина на оган, а со редовно оддржување и употреба во шумите, средина релативно почиста од рововите, имало помалку застои поради нечистотија.

Во конструкцијата на пушката се разликуваат неколку основни склопови: цевка со сандак, систем за позајмување на гасовите, склоп на затварачот, нишани, дрвен кундак со подкундак и горна облога на цевката и рамка за куршуми. Цевката има гасна кочница со странични прорези. На почетокот биле 12 тесни прорези, популарно нарекувани „шкрги“, по шест од левата и десната страна, наследени од „СВТ-38“, а пушките произведени од 1942 година имале четири широки прорези, по пар од левата и десната страна. Работата на автоматиката е базирана врз позајмување на барутните гасови од  цевката, со гасна комора и цилиндричен приклучок за гасен клип и краток од на гасниот клип, со што Токарев станал еден од првите конструктори кој употребил таков систем на позајмување на гасовите, кој подоцна е користен во многу конструкции на оружје ширум светот. Барутните гасови се одведуваат во гасна комора низ отвор со пречник од 2,8mm на горната страна на цевката, а на гасната комора постои гасен регулатор изработен во форма на двоен цилиндер кој на себе има пет попречни отвори со пречник 1,1, 1,2, 1,3, 1,5 и 1,7mm. Една од процедурите на кои се жалеле војниците била нималку едноставното приспособување на гасниот регулатор, особено ако тоа требало да се направи во теренски услови под оган. При приспособување на гасниот регулатор, после неколку неопходни чекори, цилиндерот со помош на посебен клуч од приборот на пушката се доведувал во потребна положба и на крајот се фиксирал. Било забележано дека положбата на гасниот регулатор влијаела врз траекторијата на зрното – колку што е помал отворот, толку патеката била повеќе положена. Воопшто, целиот систем на гасниот регулатор барал постојано внимание, како и целото оружје, барајќи обучен ракувач. Гасниот клип, во чиј отвор во целост влегува цилиндричен приклучок позади гасната комора, го пренесува импулсот на потиснувачот со пружина, а тој на носачот на затворачот, кого по потиснува назад за 36 mm, а после одбравувањето на затворачот, по инерција оди во задна положба и притоа ја извлекува и ја исфрла празната чаура од лежиштето. Непостоење на фиксна врска помеѓу гасниот клип и носачот на затворачот и од горната страна отворениот сандак, било условено со конкурсните барања пушката да се полни со стандардните рамки за пет куршуми кои дотогаш биле во употреба речиси половина век на репетирките „Мосин-Нагант М-91/30“. Склопот на затворачот се состои од носач и тело на затворачот. Рачката за репетирање е на десната страна на носачот на затворачот. Носачот, телото на затворачот и делот за забравување во сандакот се изработувале од хром-кобалт-молибден легура, отпорна на високи термички и механички напрегнувања. Во телото на затворачот се вградени ударната игла и извлекувач, а во лежиштето на носачот на затворачот влегува предниот крај на дводелната повратна пружина со водилка. Со задниот крај водилката на повратната пружина влегува во лежиштето на задниот дел на сандакот на пушката. Во сандакот на пушката се поставени исфрлувач на празните чаури и стопер на затворачот, кој има функција по празнењето на рамката со муниција да го задржи затворачот во задна положба. Механизмот за чкрапање е обединет во еден







| Основни технички податоци за „СВТ-40“ | |
|---|---|
| ТИП | полуавтоматска |
| КАЛИБАР | 7,62x54mmR |
| МАСА НА ЗРНОТО | 9,7 g |
| МАСА СО БАЈОНЕТ И БЕЗ КУРШУМИ | 4,3 kg |
| МАСА БЕЗ БАЈОНЕТ И КУРШУМИ | 3,85 kg |
| МАСА НА ПРАЗНА РАМКА ЗА МУНИЦИЈА | 0,28 kg |
| ДОЛЖИНА НА ПУШКАТА СО БАЈОНЕТ | 1,465 mm |
| ДОЛЖИНА НА ПУШКАТА БЕЗ БАЈОНЕТ | 1,226 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 630 mm |
| ДОЛЖИНА НА ОЖЛЕБЕНИОТ ДЕЛ НА ЦЕВКАТА | 555 mm |
| ЖЛЕБОВИ ВО ЦЕВКАТА | четири, во десна страна |
| ЧЕКОР НА ЖЛЕБОВИТЕ | 240 mm |
| ПОЧЕТНА БРЗИНА НА ЗРНОТО | 860 m/s |
| ДОЛЖИНА НА НИШАНСКАТА ЛИНИЈА | 409 mm |
| НИШАНСКА ДАЛЕЧИНА | 1,500 m |
| КАПАЦИТЕТ НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | 10 куршуми |
| ПРАКТИЧНА БРЗИНА НА ОГАН | 25 куршуми во минута |



склоп кој се фиксира од долната страна на сандакот. Пушката се полни со одвоива рамка за десет куршуми поставени дворедно. За да може пушката да се полни и со стандардните рамки со пет куршуми од репетирката „Мосин-Нагант“, на предниот крај на поклопецот на сандакот постои жлеб за поставување на рамката во положба за притискање на куршумите во рамката.

Во текот на војната во СССР биле произведени околу 1.700.000 полуавтоматски пушки. Причина за намалување и прекинување на производство на „СВТ-40“ не е во недоработката на конструкцијата. Може да се каже дека „СВТ-40“ паднала како жртва на потребата за исклучително кратко време да се надомести големата количина на пешадиско вооружување изгубено во текот на првите месеци на војната. Требало не само да се пополни кусокот во оружје, туку и да се формира и да се вооружа армијата во најкус можен рок. Враќање на репетирката на „Мосин-Нагант“, чие производство одамна било оптимизирано, а таа била поедноставна и со помалку делови, а и два и пол пати поевтина од „СВТ-40“, не оставал друг избор пред советското раководство.

Како потврда на ова доволно зборува и податок од тешката 1942 година, додека месечниот обем на производство достигнувал 50.000 „СВТ-40“. Во исто време месечно биле произведувани седум пати повеќе репетирки „Мосин“, односно околу 350.00 парчиња. Со нешто требало повторно да се вооружува одново формираната Црвена армија за што пократок рок, а тоа нешто не била „СВТ-403“, туку едноставната репетирка „Мосин-Нагант М91/30“. Иако не станала масовна пушка, „СВТ-40“ војувала до крајот на војната и ја употребувале тие на кои им била наменета: снајперисти, диверзанти, извидувачи, морнари и сите кои можеле да ја сфатат нејзината конструкција, прописно да ја одржуваат и да ја употребуваат на најдобар начин. Таа е пушка за познавачи и функционира беспрекорно кога е чиста и подмачкана со соодветно мазиво. Во такви раце, таа е одлично јуришно, напаѓачко оружје, способно да обезбеди голема густина на оган, ефективно за интензивни снајперски дејства на фронтот и способна да погодува цели на оддалеченост поголема од стандардните пушки.

Александар Стојчевски




# Тенковскиот музеј во Дорсет

Музеите се места каде посетителот може да се наврати на историјата и низ изложените експонати да ги согледаат дел од настаните кои се случувале во минатото. Покрај тоа што музеите ги покажуваат страдањата и лошите страни на војната, тие го демонстрираат и технолошкиот напредок и еволуцијата. Кога станува збор за оклопни возила и тенкови во светски рамки, има неколку такви музеи кои овозможуваат несекојдневно патување низ времето и историјата.

Тенковскиот музеј во кампот Бовинтон во Дорсет е еден од величествените музеи кои се посветени на оклопните возила и нивниот развој. Со преку 300 возила од 26 држави овој музеј ја поседува најголемата на тенкови во светски рамки и трета според колекцијата на оклопни возила во светот. Единствениот преостанат примерок на „Tiger I“ кој е во возна состојба се наоѓа баш во овој музеј. „Tiger I“ (Tiger 131) со број на шасија 250122, кој е изложен во музејот, е заробен од страна на силите на Обединетото Кралство во април 1943 година во Тунис. По неговото поправање со делови од останатите оштетени тенкови истиот е пренесен во Обединетото Кралство за испитување. Тенкот е дел од музејската поставка од септември 1951 година и е користен во филмот „Fury“ во 2014 година и интересен раритет е дека ова е прв пат да е користен вистински примерок на овој тенк за филм.

Тенковскиот музеј започнал со работа во 1947 година, но идејата за негово основање датира од 1923 година кога писателот Киплинг при својата посета на реонот на Бовинтон ги погледал оштетените тенкови од Првата светска војна. Предлогот за отворање на музеј првично не била прифатена, но дел од тие тенкови биле сочувани во склад, а подоцна истите се префрлени и стануваат дел од денешниот тенковски музеј. Прошетката низ музејот по хронолошки редослед започнува со делот кој е посветен на Првата светска војна. Во овој дел музејот ја раскажува приказната за луѓето кои биле дел од посадите на овие први тенкови во периодот од 1916 до 1918 година. Дел од изложените тенкови се со делимичен пресек од каде може да се види распоредот и условите за работа на првите 8 члена на тенковските посади. Постојаната поставка во оваа хала ја чинат тенковите Mark I, Mark IV, Mark VIII како и тенкот Mark V, кој е еден од неколкуте тенкови од Првата светска војна кој сè уште е функционален.

Интересен податок е дека истиот тенк кој е изложен има учествувано во битката кај Аминес во 1918 година. Во делот од музејот посветен на рововското војување изложени се три тенковски диорами во реална големина кои ги опишуваат битките каде за прв пат е употребен тенкот. Следната хала е посветена на периодот помеѓу двете светски војни и на значењето на тенковите во поствоениот период. Во овој дел се изложени „Vickers A1E1 Independent“, „Peerless armored car“ итн. Најголемата хала во музејот е посветена на оклопните средства користени во Втората светска војна. Во овој дел од музејот се изложени експонати на тенкови и оклопни возила од повеќето земји учесници во конфликтот. Тенкови кои се изложени се: Panzer I,III,IV, Matilda MkI, M4 Sherman, Somua S35, M48 Patton, M13/40 итн. Периодот кој го покрива следниот дел е наречен „Авганистанско боиште“ и се изложени експонати кои учествувале во борбени дејствија во периодот од после Втората светска војна. Средства кои се изложени во оваа хала се: Challenger 1, TOG2, Conqueror, како и Chieftain, во кој може да се влезе и да се разгледа. Делот од музејот посветен на периодот од Студената војна го опишува брзиот и постојан раст на технологијата во воени цели, отсликано низ новите модели на оклопни возила и тенкови. Во овој дел е изложен тенкот „Centurion“ во кој посетителите можат да влезат и овластени лица од музејот да им дадат одговори на прашања кои ги интересираат посетителите. Особено интересни делови од музејот се таканаречената „тенковска фабрика“ и халата „тенковска приказна“, кои ја појаснуваат технологијата, дизајнот и сè останато што е потребно за изработка на оклопни возила и тенкови, како и најважните тенкови и оклопни возила низ историјата, започнувајќи од 1915 год. па сè до денешно време. Во делот „тенковска приказна“ покажан е пример на продукциска линија за изработка на возилото „Centurion“, додека во друг изложен пресек на Т-55 итн. Со околу триесетина клучни возила музејот го опишуваат растот и развојот на тенкот и оклопните возила, како и нивното влијание на боиштето. Дел од музејот претставува и козервациониот центар за оклопни возила во кој се одржуваат експонатите, но и воедно се работи на средување на останати возила кои се на располагање, но сè уште не се изложени, како што се: M103, AMX 30, SU 100, БМП-1 итн. Посетителите овој дел можат да го погледнат преку балкон кој се издигнува над овој дел и можат да ја следат работата на реставраторската екипа на музејот.
Покрај постојаните поставки изложени во халите, музејот нуди и доста други интересни интерактивни настани кои






ја збогатуваат посетата на музејот. Една од нив е секако Тенковскиот фестивал кој е обележје на овој музеј. Истиот трае четири дена и за време на фестивалот голем дел од тенковите кои се во возна состојба ги демострираат возните способности и симулираат одредени битки од Втората светска војна. Чувството е исклучително, од непосредна близина може да се видат овие челични чудовишта. Карактеристична активност за овој музеј е исто така и „Денот на Tiger I“, кога истоимениот тенк може да се види во акција. Друга активност која предизвикува интерес е можноста да се возите во„ M548“. Започнувајќи од 2021 година, во програмата на музејот се нуди и „Денот на Fury“. Ден посветен на тенкот „Sherman“ со акцент на примерокот „M4A2E8“, кој е користен за снимањето на филмот „Fury“ во 2014 година. Посетителите може од блиску да го видат овој примерок. Еднаш годишно оклопните единици на Обединетото Кралство вршат демострација и статичка изложба на средствата кои моментално се во употреба во овие единици. Оваа активност, исто така, се случува во рамките на тенковскиот музеј т.е во тенковската арена и истата е доста посетена. Цената на влезниците варира во зависност од тоа за која група станува збор, доколку е за лица над 17 години билетот изнесува 17,5 евра, за деца од 05-16 години 10,5 евра, додека фамилијарните билети (2 возрасни и 2 деца) 48 евра. Влезниците за посебни денови и настани се одредуваат посебно, во зависност од активноста. Воените ветерани, како и активниот воен персонал, имаат слободен влез. Во склоп на музејот функционира и продавница за сувенири, книги, модели итн. Работното време на музејот е од 09:00 до 17:00 часот. Потребното време за обиколка на музејот е 4 до 5 часа. Посетата на тенковскиот музеј за љубителите на тенковите и оклопните возила со сигурност ќе претставува големо задоволство.

Златко Блажески



# Љубомир Тевчев

## Неуморен воздухопловен неимар

Аероклубовите, уште од најраните години на развојот на аеропланските активности, претставувале место за остручување на пилоти и авијатичари. На овие простори, првично, тие биле основани од резервни офицери-пилоти на нераздвоеното армиско воено воздухопловство на тогашната држава. Во подоцнежните години, пристап до аероклубовите имала и пошироката популација

Поради нивното значење, аероклубовите биле целосно финансирани и материјално обезбедени од буџетот на кралската војска. За возврат, војската секогаш имала селективна основа од стручни воздухопловни кадри коишто би можеле веднаш да влезат во нејзиниот состав. На почеток, тие пристапувале како воени обврзници, а подоцна и како професионално ангажирани пилоти, извидувачи, навигатори, авиомеханичари. Ваквиот однос кон аероклубовите бил ползуван повеќе децении и во повеќе земји ширум светот. На тој начин аероклубовите егзистирале како основен промотор, кадровска база и собиралиште на воздухопловни вљубеници, поддржувачи и идни авијатичари. Во текот на 1923 г., таков аероклуб е формиран и во Скопје. Во таа насока, неминовно е да го спомeнеме и името на Љубомир Тевчев. Иако не е директен учесник во воениот воздухопловен „штит“ на државата, Тевчев е еден од основоположниците на македонско воздухопловство, особено развивајќи ги аероклупските активности. Тој припаѓа на првата група градители на воздухопловни едрилици во Скопје, уште на почетокот на триесеттите години од минатиот век, во периодот на некогашната југословенска кралска држава и потоа. Неговите воздухопловни активности се бележат сè до првите години на седмата декада од минатиот век.

Роден е 1919 г. во Солун, во соседна Република Грција, а починал во Скопје во 1985 година. После завршувањето на Првата светска војна, во текот на 1920 г., целото семејство Тевчеви се преселило во Скопје, каде што Љубомир растел и се школувал.

Во периодот до Втората светска војна Љубомир Тевчев се школувал во скопските основни училишта, а подоцна и во машката гимназија. Покрај училишно образование, уште во деновите на 1932 г. почнал активно да се занимава со воздухопловни активности во тогашниот Месен и Обласен одбор на кралскиот аероклуб „Наша крила“ во Скопје. Првично бил насочен кон изработката на т.н. аеропланските модели, а подоцна се вклучил и во изработката на летачките лизгачи – планери, или денешни едрилици. Истакнувајќи се како врвен моделар, во текот на 1934 г. тој добил одобрение да организира прв воздухопловен моделарски кружок во Скопје, со кој и самиот раководел. Кружокот бил посетен од голем број гимназијалци и жители на Скопје.

Сите тие биле напредни младинци, вљубеници во небеските височини, но со свои размислувања, идеали и желба за професионална воздухопловна ориентација. Подоцна, од нив израснале врвни воени и цивилни пилоти, за кои и денес, и во овие текстови си припомнуваме. Охрабрен од постигнатите резултати во изградбата на планерите, Тевчев навлегол во проучување на аеродинамиката и теоријата на нивното летање, сакајќи да биде меѓу првите нивни пилоти. Скудната литература од која учел го насочила кон стекнување знаења и летачки вештини. Практичната обука со овие планери ја реализирал во неколку фази. Основно, планерот требало да се однесе на некоја височинка од која ќе се повлече со долг гумен ластик и ќе се исфрли во воздух. Првите летови, всушност, биле само „скокови" во воздух. Времетраењето на овие летови било мерено во секунди. Подоцна вежбите предвидувале благо свртување лево и десно, а конечните летови од обуката ги опфаќале сите елементи. Постигнувањата на Љубомир Тевчев на ова поле му овозможиле да биде и професионално вработен во скопскиот областен аероклуб „Наша крила" во улога на наставник по моделарство, со можност да лета и на тогашните планери. Во тој интензивен едриличарски период, во Скопје биле градени едрилици од повеќе типови, користејќи планови обезбедени од околните држави и поразвиени простори на тогашната кралска држава. Меѓу нив, првенствено се граделе планери според германски планови, главно од конструкторот Александар Липиш, а подоцна, во текот на 1939 г., е направена и нејзина „копирана" верзија од тогаш југословенскиот конструктор инж. Иво Шоштариќ.
Времето незапирливо минувало, а младиот Тевчев го очекувал датумот за отслужување на воената обврска. Воздухопловната „лузна" видливо стоела на неговата личност, а според неа тој сè повеќе се насочувал и кон воениот пилотски позив. Позив со кој ќе може да создава „штит" над сопствената држава. Непосредно пред почетокот на Втората светска војна, кон крајот на 1940 г., тој се пријавил за отслужување на воената обврска во тогашното Кралско воено воздухопловство. Како напреден воздухопловен активист веднаш бил примен во 5.кралски воен воздухопловен ловечки полк во Ниш, како питомец-ученик за воен пилот. За жал, почетокот на Втората светска војна значел и прекин на неговата воена пилотска обука и напредување. Во тој прв бран на војната, како активен војник на 5. воздухопловен воен полк, тој бил заробен од страна на



фашистичката војска и транспортиран во логор во Германија. Деновите во заробеништво биле тешки, а уште потешка била тагата на неговите родители. Талкале од врата до врата, од човек до човек, сè додека не го пронашле патот како со помош на меѓународниот Црвениот крст, Љубомир да биде вратен во Скопје. Со враќањето во Скопје, всушност, завршила воената пилотска кариера на Тевчев, но за среќа продолжиле аероклупските активности во Скопје, во тогаш веќе поробената држава. Како искрен патриот, Љубомир ги оставил воздухопловните активности и се приклучил кон Народноослободителната војна.
По ослободувањето на Скопје, во новосоздадената ФНР Југославија и Народна Република Македронија, Љубомир Тевчев е испратен на едриличарски наставнички курс во Белград. На тој курс Тевчев се стекнал со наставничко звање по едриличарство, но и со звање „контролор на градба на едрилици". Користејќи ги аероклупските искуства, материјали, но и дел од финансиските средства на Земскиот воздухопловен сојуз на Македонија, Тевчев, во средината на минатиот век, е иницијатор и основач на првото македонско воздухопловно претпријатие „20 мај". Претпријатието „20 мај" од Скопје, многу бргу станало препознатливо по производството на воздухопловни едрилици. Меѓу нив остана незаборавена едрилицата од типот „Илинденка", која достигна и светска слава. Ова единствено македонско воздухопловно претпријатие, производството на едрилици го реализирало до почетокот на шеесеттите години.
Со настапување на кризата во воздухопловната индустрија, Тевчев создава нов план, со кој ова претпријатие се трансформира во ново претпријатие за производство на алуминиумски производи, именувано како „Алумина" – Скопје. На чело на новото претпријатие повторно е именуван Љубомир Тевчев. Со создавањето на „Алумина", престана и долгогодишната воздухопловна активност и кариера на Љубомир Тевчев. Беше еден од малкумината кои ги поставија темелите на иманентното македонско воздухопловство. Зад него останаа да сведочат спомените на едрилицата „Илинденка", воздухопловното претпријатие „20 мај", како и многубројните медали, дипломи и признанија а, пред сè, многубројните моделарски, едриличарски и пилотски следбеници.

Ѓорги Чачкиров






# Задоволство и радост на работното место

Сврзувачката моќ на радоста или задоволството е јасно видлива во спортот. Кога еден тим на своите настапи ќе покаже воодушевување, тогаш секој играч, всушност целата спортска арена, доживува потполна екстаза, што уште повеќе го крева духот на тимот. Успехот предизвикува радост. Радоста поттикнува понатамошен успех и секој е опфатен во тоа. Се поставува прашањето дали радоста што е толку очигледна во спортските натпревари, се реплицира и во бизнисот и работата? Одговорот е апсолутно да. Генерално, во секое тимско опкружување, радоста произлегува од комбинацијата на хармонија, влијание и признание, а сето тоа деловните лидери можат да го внесат и во нивните организации.

Хармонија. Во победничките тимови, секој играч има посебна улога за да се постигне заедничката цел. Еден играч може да биде одличен додавач на топката или модерно кажано асистент. Друг е одличен стрелец. Трет, пак, може да донесе одреден интензитет и натпреварувачки дух. Па, кога разновидните вештини и јаки страни на соиграчите навистина ќе се соединат, заедно се создава еден вид на хармонија. Влијание/импакт Хармонијата на тимот дополнително го поттикнува задоволството. Дури и ако резултатот е само една возвишена игра или златен момент, опипливата радост на секој соиграч е видлива. Тоа може да се забележи на нивните лица додека се гушкаат, ги креваат рацете и скокаат нагоре и надолу како радосни деца. Притоа, едни на други си велат: „Ви се верува ли дека го сторивме тоа ?!“ Признание. Одличните тренери на своите играчи, кога ќе постигнат гол, веднаш им даваат инструкции, да покажат кон соиграчите кои ја создале можноста за гол. Да се признае придонесот на секој играч на натпреварот и навивањето еден за друг го напојува со енергија целиот циклус на радост-успех-радост.

Ова е образец полн со можности за деловните лидери. Имено, ако на луѓето им се понудат повеќе искуства што предизвикуваат радост во тимовите, лидерите можат да ја искористат поголемата практична моќ на радоста во нивните компании.

За да ја тестира оваа премиса, А.Т. Кирни во декември 2018 година спроведува истражување кое ги истражува искуствата на работното место на луѓето ширум Америка, Европа, Блискиот Исток, Африка и Азископацифичкиот регион. Примерокот вклучува повеќе од 500 вработени од различна возраст во компании со приходи од над 2 милијарди долари и во низа индустрии.

Испитаниците најпрво се замолени да пријават колку радост доживуваат на работното место. Потоа се замолени да дадат неколку изјави преку кои го рефлектираат своето професионално искуство, за да може да се процени дали овие варијабили се во корелација со чувството на доживување на радост на работното место. Наодите од истражувањето сугерираат дека радоста произлегува од фактот дека треба да се верува оти работата

навистина е значајна. Вработените кои веруваат дека нивната „компанија дава позитивен придонес во општеството“ и кои се чувствуваат „лично посветени на остварување на визијата и стратегијата на компанијата“, доживуваат најголема радост на работното место. Овие наоди имаат совршена смисла. Животот е вектор кој бара и сила и насока. Потрагата по среќа го поставува правецот, но чувството на радост дава секојдневна потврда дека го правиме токму она што треба да го правиме, за компанијата и за соиграчите кои ги вложуваат своите напори.

Што може да научиме од ова?

Креирањето на деловни култури кои поконзистентно ги создаваат ваквите искуства, може да создаде многу посилно чувство за лична интерконекција, заедничка цел и гордост низ целата организација. Сепак, истражувањето, кое е дел од текстов, укажува и на изразен „недостиг на радост/ задоволство“ на работното место. Речиси 90% од испитаниците изјавуваат дека очекуваат да доживеат значителен степен на радост на работното место но, сепак, само 37% изјавуваат дека всушност тоа е нивното вистинско искуство.

Овој недостиг на радост е ограничен на одредена генерациска група. За помладите (огромното мнозинство од испитаниот примерок), недостигот на радост е 57% или 44%, соодветно.

Бизнис-лидерите имаат тенденција да размислуваат многу повеќе за успехот, а поретко за радоста. Малкумина се свесни за радосната празнина во нивната организација која е резултат на недостатокот на меѓучовечка врска и тимска аспирација. Тоа мора да се промени. Еве неколку специфични чекори што лидерите можат да ги преземат за да ја зголемат.

Да се има агенда. Искуството на радост да биде експлицитна корпоративна цел. Ако ја зајакнеме нашата агенда за вклучување и притоа вложиме значајни напори за сите вработени да се чувствуваат слушнати, видливи и признати, тогаш придонесуваме кон фондовите на придобивки за менталното здравје на сите вработени. Да ја поставиме сцената. Ако ги ангажираме нашите нови дигитални/ културни програми со вистински тимови, низ групите, каде што заедничката тимска работа обезбедува максимално влијание, тогаш постигнуваме заеднички успех и работата претставува задоволство.

Да дадеме тон. Да се обидеме да ги поттикнеме и да ги славиме индивидуалните и корпоративните напори за социјално влијание. Автентичното изразување на повеќе радост што лично ја доживуваме во нашата улога води кон задоволство кое раѓа радост.



Компаниите вложуват огромни инвестиции во технологиите со кои многу подобро меѓусебно ги поврзуват вработените, како и со клиентите и со другите засегнати страни. Но, постојат компании кои мора да вложат многу повеќе напори во оваа насока бидејќи кај нивните вработени постои раслоеност, незадоволство и отпор кон новите начини на поврзување и работење. Решението може да биде во создавање клима на задоволство и радост на работното место, затоа што луѓето суштински бараат радост, која ги поврзува многу повеќе од кое било друго човечко искуство

Истражувачот Алекс Лиу, кој е управен партнер и претседател на А.Т. Кирни, глобална консултантска фирма за управување, вели дека во неговата компанија ја истакнале потребата радосно да „апелират“ за култура со постојан акцент на различноста, вклученоста и личното лидерство. Тој вели дека радоста може да доведе до исто толку практични придобивки како и технологијата. И од едното и од другото се бара да ја одржат кохезијата што им помага на големите организации добро да комуницираат и да се приспособат на новите предизвици. Технологијата обезбедува инфраструктура за поврзување, но основата мора да биде култура, посветена на човечкото искуство, базирано на хармонија, влијание и признание. Ако сето ова се сумира, тогаш ова носи радост и задоволство.

м-р Билјана Поповска,
*Адаптирано од (https://hbr.org/2019/07/making-joy-a-priority-at-work?utm_source=facebook&utm_medium=social&utm_campaign=hbr&fbclid=IwAR08y2GlVGnfZJBXJ1Gm4I5V3AsUJVYHFgpHtA-B1I1b6a-p9yZjKnoksF0)*





# 70 години од смртта на Панко Брашнаров

Панко Брашнаров е народен учител, македонски комунист, член на првиот Централен комитет на ВМРО (Обединета) и потпретседател на Президиумот на АСНОМ. Поради поддршка на Резолуцијата на Информбирото е уапсен и испратен на Голи Оток, каде набрзо и умрел на 68-годишна возраст како најстариот затвореник по основа на Информбирото

Панко Брашнаров бил роден во Велес и образованието го започнал во родниот град во месната Егзархиска прогимназија. По завршувањето на прогимназијата, во 1900 година школувањето го продолжил во Машкото педагошко училиште во Скопје. Учителствувањето го започнал во кумановските села каде почнал да ги шири првите револуционерни идеи. По Младотурската револуција се зачленил во Народната федеративна партија. Учителствувал до почетокот на Балканските војни како егзархиски учител. Уште пред Балканските војни учествувал во работата на Социјалистичката организација во Велес која била дел од Македонско-одринската социјалдемократска група на членовите на Бугарската работничка социјалдемократска партија. По војните во 1914 година пребегал во Бугарија, каде завршил Виши педагошки курс на Егзархијата во Пловдив во 1915 година. За време на Првата светска војна станал војник во 11. пешадиска македонска дивизија на бугарската војска и бил испратен на фронтот кај Дојран. По Првата светска војна, во 1919 година Брашнаров се вратил во Вардарска Македонија. Србите му нуделе да работи како учител, но тој одбил. Работел како воденичар, градинар и крчмар. Станал член на КП на Југославија. Во текот на 1920-тите учествувал на повеќе конференции и конгреси на КПЈ. Така, во 1920 година бил избран за делегат од велешката партиска организација на Вуковарскиот конгрес; во 1922 година. учествувал на Првата земска конференција на КПЈ во Виена; во 1924 година бил делегат на Третата земска конференција на КПЈ во Белград; во 1926 г. учествувал на Третиот конгрес на КПЈ во Виена.

На Основачкиот конгрес на ВМРО (Обединета) во октомври 1925 година бил избран за член на нејзиниот прв централен комитет. Во август 1926 година бил уапсен и во април 1927 година бил осуден на двегодишна робија. Од затвор излегол во февруари 1928 година. Кон крајот на мај 1929 година, на пат за конгресот на ВМРО (Обединета) во Берлин, бил уапсен на југословенско-австриската граница. По настанатата голема провала на ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија на 5 јули 1929 година, Брашнаров бил спроведен назад во Велес. На судењето во јуни 1930 година бил осуден на пет години робија и доживотно губење на граѓанските права. Затворен бил во затворот во Сремска Митровица. По излегувањето од робија, политички се повлекол.
По окупацијата на Македонија од страна на Бугарија во текот на Втората светска војна, Брашнаров бил член на Бугарскиот централен акционен комитет, а потоа повторно станал бугарски учител (бидејќи администрацијата била бугарска).
Од 1943 година се поврзал со партизаните. Во мај 1944 година преминал на слободна територија и станал член на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Како најстар делегат го отворил Првото заседание на АСНОМ. На него бил избран за потпретседател на Президиумот на АСНОМ. На 6 август бил избран за повереник за информации во Президиумот на АСНОМ.
По ослободувањето на Македонија, на 26 ноември, во ослободеното Скопје, на Првата конференција на Народноослободителниот фронт на Македонија бил избран за негов потпретседател. Реизбран бил во Президиумот на АСНОМ на Второто заседание на АСНОМ во декември 1944 и на Третото заседание во април 1945 година.
По објавувањето на Резолуцијата на Информбирото против раководството на КПЈ во јуни 1948 година, Брашнаров недвосмислено застанал на страната на СССР и Сталин во спорот. На 1 октомври 1948 година, заедно со Павел Шатев, до ЦК на Советската комунистичка партија упатил доверливо писмо во кое се тврди дека: „Прашањето за обединување на македонскиот народ уште од самиот почеток се поткопа поради неговото неправилно поставување од страна на ЦК на КПЈ во смисла обединета Македонија





да се присоедини кон ФНРЈ, без да се води сметка за посебните, специфични услови, ниту за братските соседни земји“.
Брашнаров бил уапсен на 11 декември 1950 година и на 29 јуни 1951 бил осуден на „општествено полезна работа во траење од 24 месеци.“ Во првите денови од јули бил испратен во логорот на Голи Оток, каде што набрзо, на 13 јули, умрел.
По неговата смрт, 60 години се сметаше дека Панко Брашнаров е погребан на Голи Оток каде и првично бил закопан.
Во септември 2011 година, новинарска екипа на емисијата „Код“, успеа да го пронајде гробот на Панко Брашнаров. Закопан е во заедничка гробница на градските гробишта „Мирогој“ во Загреб. Неговите посмртни остатоци доживеале две есхумации. Во 1953, две години по неговата смрт на Голи Оток, тој бил погребан на гробиштата во Загреб.
Претседателот Стево Пендаровски, во рамките на својата работна посета на Република Хрватска, на почетокот на јули го посети и му оддаде почит на нашиот великан. На 13 јули годинава, пред неговиот споменик во Велес,Општина Велес, достојно беше одбележана 70-годишнината од смртта на Панко Брашнаров.
Повеќе делегации од Општина Велес,од институциите,политички партии и членови од неговото семејство положија букети цвеќе и му се поклонија на неговото дело и борба во која го вгради и својот живот. Беше прочитан и пригоден реферат за неговиот живот и дело и се одржа пригодна музичка програма.
Споменик на Панко Брашнаров е поставен и во новиот дел на Велес, на плато во непосредна близина на гарнизонот „Алексо Демниевски-Бауман“. Со пропорционална фигура споменикот го отликува делото на големиот македонски револуционер и прв претседател на Президиумот на АСНОМ, Панко Брашнаров.
Споменикот беше поставен во 2004 година, и е дело на академскиот вајар Петар Хаџи Бошков. Изработен е од блок од мермер, со постаментот, споменикот е висок над 4 метри.
Идејата на скулптурата е да покажува повеќе фази од животот и делото на Панко Брашнаров. Во Велес, освен споменикот, има и спомен-биста на Панко Брашнаров и улица која го носи неговото име. Од пред точно две години, во август 2019 година, со одлука на Советот на Општина Велес, две поранешни велешки училишта споени во едно, со гордост го носат неговото име, ООУ „Панко Брашнаров“.

Антоанела Димитриевска

# Обука во летни услови

Градот Охрид и Центарот за обука на вода, како и многу пати досега беа домаќини, овојпат на 23-тата класа на питомци од Питомечкиот баталјон, предводена од нивниот командир, поручникот Александар Ангеловски, по повод реализирање на обуката во летни услови, предвидена со наставниот план и програма на Воената академија, приспособен за 2 година на студии. Велиме обуката во летни услови, а не обуката во пливање, затоа што тие не се обучуваа само во совладувањето на техниките во краул и градно пливање, туку се обучуваа и се едуцираа и за спасување на давеник и давање на прва помош на истиот (обука за која многу ни помогнаа и претставниците од Црвениот крст на градот Охрид, на кои во оваа прилика им се заблагодаруваме), пливање во униформа и симулација на инфилтрирање по воден пат, како и во нуркање на здив, како еден од начините за совладување на природни и вештачки препреки на вода. Значи, се работеше за една разновидна обука која траеше 15-тина дена (од 11 јули до 25 јули), реализирана на охридското крајбрежје, во која питомците многу добро се снајдоа. Во реализацијата на обуката многу им помогнаа со своето искуство и несебично залагање инструкторите по пливање, цивилното лице, професорот по ФВ, Горан Астарџиев од Секцијата Ј-7 од Генераштабот на Армијата и пфв Филип Тодоровски од Баталјонот за врски. Сепак, најголемите заслуги за успешно завршената обука одат кај самите питомци од 23-тата класа. Имено, покрај многуте фактори за успешна обука, тие најмногу импресионираа со високиот морал, големата желба и упорноста што тие ја манифестираа. Впечатокот ќе беше уште поголем, но свое влијание имаа разните објективни и субјективни причини. Но, и вака, општите впечатоци кај сите присутни таму беа одлични.



# Спортски натпревари по повод Денот на Армијата

На 11 и 12 август на воениот стадион во Скопје се одржаа финалните спортски натпревари организирани по повод Денот на Армијата – 18 Август. Овојпат поради познатите причини поврзани со вирусот COVID-19, спортските дисциплини беа редуцирани и од предвидените 7, се одржаа натпревари само во мал фудбал, пинг-понг и во крос трчање на 6 км за мажи и во крос трчање на 3,5 км за жени. Претходно, во месец јули, се реализираа натпревари во истите дисциплини во сите гарнизони на Армијата на ниво баталјон-бригада. Финалните натпревари ги отвори и со пригоден говор во негово име и во име на началникот на Генералштабот на Армијата, ги поздрави натпреварувачите, началникот на Секцијата Ј-7/ГШ на АРМ, полковникот Кенан Рахиќ. По дводневна неизвесност и во „фер плеј“ натпревари, како победници беа промовирани, во мал фудбал екипата од ВП 7925 Петровец, во пинг-понг можеби неочекувано, но сосема заслужено 1. место го освоија пинг-понгарите од ВП 2803 Скопје, додека во крос трчањето во машка конкуренција екипно први беа натпреварувачите од ВП 8044 Скопје, додека во дисциплината крос трчање во женска конкуренција, победници беа натпреварувачките од ВП 7925 Петровец. Поединечно во крос трчање мажи, првото место го освои пфв Милош Ранчиќ од ВП 2990 Скопје, додека кај жените прва беше наредник Марија Пеликон од ВП 2803 Скопје.





Горан Астарџиев





# Физичка активност и во период на пандемија

Во овој период на бројни животни предизвици, сè повеќе се наметнува потребата да се практикува каква било физичка активност, со цел зачувување и унапредување на физичкото, а воедно и на менталното здравје. Иако новите протоколи наметнаа строги стандарди и ги сведоа сите активности од спортот на минимум, сепак трките продолжија со намален интензитет и според сите здравствени протоколи. Првата трка во планинско трчање во вертикален километар беше во февруари годинава, „Чупино Винтер вертикал“ во која немав позабележителен пласман заради мојата сè уште постковид криза. Во месец март се одржа трката „Водно-Матка треил“, каде на патеката долга 26 км завршив петта и бев задоволна со оглед на временските услови кои патеката ја направија пеколно тешка за натпреварувачите (изобилство на снег и кал). Потоа трките се нижеа како што се олабавуваа ковид-мерките. Во мај учествував на првата трка во Струга „Struga Poetry Run” која беше во должина од 10 км низ централното градско подрачје, каде во севкупен пласман го освоив 5. место. На 5. по ред јубелејно издание на „Охрид трчат“ се трчаа 21км и го освоив 4. место со солиден временски резултат. Следуваше „Скај ранинг“ на Титов Врв во должина од 21км ултратешка планинска трка, која е пеколна дури и за најподготвените професионалци, која ја завршив со севкупен пасман на 4., т.е. 3. место. Учествував и на „Кавадеречкиот ноќен полумаратон“, каде го освоив високото второ место. На крајот од месец јуни се одржа и првиот „Bitola Outdoor Festival“ (BOF), каде на планинската трка од 18 км, го освоив првото место, и со ова ја заокружив летната сезона.
Овој период, ќе го искористам за активен одмор и подготовка за претстојниот есенски календар на трки, каде следат „Авицена“-женската трка, „Скопскиот маратон,и „Струмина“- планиска трка во реонот на Штип. Исто така, во овој период, покрај атлетиката интензивно планинарам низ нашите преубави планински масиви. Следна цел ми е добивање на лиценца за планински водич, како и полагање за истото кое ми претстои следната година. Желба ми е оваа година да настапам на некоја атлетска трка надвор од нашите граници и да продолжам со успесите кои после здравствената криза со пандемијата ќе донесат нова светлина. Со оглед на тоа што и јас лично го прележав вирусот, и се соочив со продолжени пост ковид симптоми, само ќе подвлечам дека дисциплината и волјата беа тие кои ме мотивираа и ме издигнаа како феникс во овој несигурен период, и ќе потврдам дека менталното здравје е резултат на често користената максима „Во здраво тело, здрав дух“

Марија Пеликон





# Борко Лазески

## Монументален приказ на македонскиот непокор

Борко Лазески е роден во Прилеп на 22.10.1917 година Високото образование го започнал во 1933 г. на Уметничката школа во Белград под менторство на професорите Бета Вуксановиќ, Љуба Ивановиќ, Никола Башевиќ, Мило Милуновиќ и др. Тој е хроничар на тие турболентни предвоени времиња полни со превирања и социјални немири Со почеток на војната Лазески ги прекинува студиите во Белград и го продолжува школувањето во Бугарија, на Државната уметничка академија во Софија, во класата на професорот Никола Танушев-Ганев, кој е типичен претставник на академските реалисти. Оваа академија нема никакво влијание врз изградбата на Лазески како уметник, така што не остава никакви траги на неговиот развој. Во 1943 г. Лазески дипломира на Софиската академија, а потоа се враќа во својата земја и се приклучува кон ослободителното движење.

За време на Втората светска војна Лазески почнува да го гради својот личен ликовен израз, преку цртежи и скици успева да ја претстави целата воена драма полна со емоции, идеали и драматични сцени, преставувајќи го животот и амбиентот во кој живеат партизаните. Овие цртежи ќе одиграат пресудна улога во неговото подоцнежно сликарство.Како стипендист на француската влада Борко Лазески во 1945 г. стигнува во метрополата на светските уметнички настани – Париз. Се запишува на Високата национална школа за ликовна уметност, во ателјето за фрескосликарство на Дикос де ла Ај каде ги проучува монументалните техники, што подоцна ќе станат негова уметничка определба. Покрај студирањето, Борко Лазески работи на витражи, фрески и мозаици, со што си овозможува подолг престој во градот на светлината. Набрзо дознава за големиот теоретичар Андре Лот. Откако ќе го проучи неговото мајсторство, т.е. неговите трактати и студии на современата уметност, тој ќе се запише во неговото познато ателје на Rue D'Odessa, во кое доаѓаат уметници од цел свет. Во неговото оформување како автор, клучна улога има Андре Лот. Лазески истовремено ја проучува и ликовната теорија, следејќи ги часовите на Академијата, а исто така работи и во ателјето на Андре Лот. По враќањето од Париз Лазески се среќава со најголемиот антагонизам во уметноста, а тоа е социалреализмот. Овој период е еден од најтешките во

Борко Лазески е македонски академски сликар, еден од првите апстрактни автори во Македонија. Најпознат е по своите фрески изведени во Скопје, Кичево, Велес, Мексико Сити итн. Автор е и на повеќе мозаици



творечкиот опус на уметникот, кога не му се прифаќаат ниту најискрените реализации од времето на НОВ, а уште помалку ликовното искуство од Париз. Најчесто споменувано дело во овој период е платното „Бегалците од Егејска Македонија“. До поголема конфронтација во врска со тоа како треба да изгледа современата уметност во социјалистичкото општество доаѓа со формирањето на првата ликовна група со револуционерна програма во Македонија. Тоа е групата „Денес”, составена од сликари и вајари, меѓу кои: Борко Лазески, Љубомир Белогаски, Димитар Кондовски, Димче Протуѓер, Божин Барутовски и други. Главно мото кон кое се стреми оваа група е користење на современите ликовни достигнувања во светот и создавање на наша современа уметност, како и борба против застарените ликовни разбирања. Поради тешките околности, „Денес” се распаѓа со завршувањето на вториот настап. Лазески како еден од основачите и идејните предводници на групата го добива епитетот „најистакнат претставник на модерната насока”. Во овој период Лазески станува најголем прокламатор на модерната уметнот и нејзино приближување кон народот. Во исто време кога ги води овие полемики, Лазески ја започнува и работата на своето монументално дело, фреската во Железничката станица во Скопје, каде не само што теоретски ги брани своите идеи, туку му се дава можност нив да ги докаже на монументалните површини во станичната просторија. Во ова дело Лазески ги покажува своите способности на ликовен план, истовремено ги остварува и идеите за кои се залагал за време на полемиките.

Фреската на НОВ е една од најзначајните дела на Лазески, кое ќе му ја донесе  Сојузната награда „4 јули“ за животно дело. Вредните фрески на Лазески, што беа поставени во „Македонска пошта” изгореа во пожарот што го зафати објектот. Уништени се пет големи кубистички фрески со мотиви од НОБ во Македонија, создадени во 1981 г.. Големиот уништен мурал беше направен од техника акрил, го сочинуваа пет круга од по пет квадратни метри. Фреските на Лазески, на површина поголема од 200 квадратни метри, беа поставени на ѕидовите на главната сала од главната пошта. Во 1959 г. Лазески заминува во Ирак, каде што работи како професор на Високата академија за ликовни уметности во Багдад. Паралелно со педагошката дејност, се вклучува во ликовните кругови во оваа земја и станува член на Багдадската модерна ликовна група и на Ирачкото уметничко друштво. Учествува во нивните колективни изложби, а приредува и три самостојни изложби. Престојот на Блискиот Исток,





во времетраење од шест и пол години, се одликува и со плодно штафелајно сликарство од околу 100 слики. Тоа, всушност, е неговиот најбогат опус на масла. За веродостојното прикажување на ирачкото поднебје и секојдневие Лазески добива одлични оцени од ирачката критика. Еден од арапските критичари ќе забележи: „Најсилни му се делата чија вредност е зголемена со посебниот апстрактен афект во нив. На пример, сонцето, топлината, светлината и пустината – сето тоа комбинирано заедно, ѝ дава вистинска и природна убавина на ирачката атмосфера.”

Првиот витраж во Македонија е изработен токму од Лазески, а поставен е во просториите на Стопанска банка во Скопје. Овој витраж претставува постојан контакт со луѓето, следејќи го секојдневниот динамичен ритам на градот, претставен во една апстрактна композиција. Во 1972 г. Лазески ја добива првата награда на југословенскиот конкурс за изработка на витраж за споменикот „Илинден“ во Крушево и истата г. почнува да работи на витражот. Во монументалниот споменик „Македониум“, посветен на Илинденското востание, Лазески изработува 4 витражи со елипсовидни форми со различна географска ориентација. Овие форми стилски ја следат линијата на геометрискиот ред, а раскрилени над галериите како колористички доминанти што ја разбиваат скржавата естетика и монотонија на белите плотни во ентериерот.Тој изработува и витраж кој е сместен во Народна банка во Скопје.  „Стаклописи – Светлините на минатото“ се сместени во свечената сала на МАНУ. Композицијата ја прават разновидни облици на букви, низ чија испреплетена игра се симболизираат акциите на просветителството. Во оваа композиција доминираат жолти и портокалови нијанси, кои се сообразни со интегралниот колористички аранжман на ентериерот. Негово најмонументално дело е муралот изработен во холот на старата железничка станица во Скопје, но, за жал, тоа дело е уништено во катастрофалниот земјотрес 1963 г. Лазески починал на 16 јуни 1993 г. во Скопје.

Трајче Чатмов





# „Кинеска вдовица“

Без разлика дали ќе го сретнете со наслов „Кинеска вдовица“, „Скриениот војник“ или „На патот на злото“, станува збор за истиот филм од 2017 година на режисерот Били Август. Ова е филм за пожртвуваноста и храброста на една кинеска жена, младата и убава вдовица Јинг, која заслужено го зазема своето место на листата на цивили-херои, пријатели на Америка, кои во Втората светска војна, далеку на Истокот, го дале својот придонес во борбата против непријателска Јапонија. Херојството на Јинг го раскажува човекот кој токму неа ѝ го должи сопствениот живот и постоење, но и благодарност што кај него разбудила убави чувства кои ги носи до неговата старост, заедно со споменот на неговата несудена ќерка, малата Нуну. Пристигнат веќе во својата татковина, воениот пилот Џек Тарнер раскажува за неговата судбина во Кина и како благодарение на една жена и нејзините соселани, тој успеал жив да се врати дома, а тие за тоа платиле со нивните животи.

### Пилот во неволја

Јинг е вдовица која живее во мало село во Кина, окупирано од јапонската империјалистичка армија. Нејзините денови поминуваат во грижа за нејзината ќерка Нуну и во чување на свилени буби и произведување на најубавата свила во селото со чија продажба Јинг го издржува поширокото семејство. Еден ден, нејзиниот тивок и едноличен живот ќе се смени кога во близина на селото ќе падне американски авион и телото на пилотот ќе го најдат токму Јинг и Нуну.
Но, од каде американски авион во малото кинеско село? Кратко по нападот на Перл Харбор во 1941 година, Америка молскавично се организира да го возврати ударот и да ја наплати непоправливата штета нанесена не само на хавајското пристаниште, туку и на моралот на американскиот народ. Понесени од разбудениот бес и желбата за одмазда, неколку бомбардери експресно се упатуваат со итен одговор – напад на Токио. Јапонската империјалистичка армија не очекува толку брзо екипирање и одговор од страна на моќната сила, а за да го искористат моментот на изненадување и да ја зграбат единствената шанса која ја имаат, сега или никогаш, американските авиони мора да ги напуштат носачите многу подалеку од јапонското островско копно и да се впуштат во напад. Тоа истовремено значи дека нема да имаат доволно гориво да се вратат назад, туку ќе мораат да слетаат



во Кина, каде кинеската армија ќе им даде поддршка. Но, поради невремето и несигурноста дали авионите се пријателски, кинеската армија потфрлува во поддршката. Екипажот на авионите е оставен сам на себе, а еден од нив е пилотот Џек Тарнер, истиот оној чиј авион паѓа во близина на куќата на Јинг.
Со помош на нејзиниот пријател, истовремено и селски кмет, Каи, успеваат да го сокријат Џек во една пештера пред да дојде јапонската војска да го бара. Но, Јапонците не веруваат дека никој во селото не го видел пилотот и пред да му го одземат животот на Каи како казна за скриената информација, тој успева да ѝ пренесе порака на Јинг дека мора да молчи и да не го издаде Американецот. По смртта на Каи, животот на Џек е во рацете на оваа вдовица која не смее да дозволи жртвата на пријателот да биде залудна. Откако јапонската војска го проширува периметарот на пребарување од селските куќи кон атарот каде се наоѓа и пештерата, вдовицата мора да го премести пилотот во својот дом.

## Новиот гостин

Односот помеѓу Јинг и Џек започнува како однос помеѓу жртва и спасител, но брзо еволуира од егзистенцијално, на емотивно ниво. Јинг е вдовица на војник, а сопругот го загубила во војната помеѓу Кина и Јапонија, која ѝ претходела на Втората светска војна. Присуството на американскиот војник несомнено евоцира спомени и паралели со починатиот сопруг, не само поради заедничката професија и неспорната привлечност на младиот маж, но и заради неговиот однос кон малата Нуну, којашто тој со татковско внимание ја учи американски песни и зборови и ужива во нејзиното друштво, сè до малите поправки на домот Од друга страна, Џек е немоќен пред нежноста и грижливоста на оваа убава жена без која би бил веќе мртов. Таа го чува, го храни и го лекува додека да закрепне и да го напушти селото и да стигне до американската база каде би бил безбеден. Чувствата на пилотот од нетрпение да се спои со неговата единица се модифицираат кон удобност во присутвото на Јинг близу до него и љубовна привлечност, иако двајцата не можат да комуницираат вербално бидејќи



ниеден од нив не го познава јазикот на другиот. Таа го ризикува сопствениот живот за да го скрие и да го заштити, а тој ќе возврати обидувајќи се да ја заштити кога јапонскиот капетан Шимамото ќе дојде во нејзината куќа и ќе се обиде да ја силува. Но, убивањето на Шимамото ја ескалира ситуацијата бидејќи неговото отсуство брзо ќе се забележи.

## Стаклена доверба

Филмот дава интересен приказ на довербата на различните протагонисти во филмот. Јинг не кажува никому за скриениот пилот, не им верува ниту на сопствените родители, но, не може да ја скрие тајната од нејзината мала ќерка за наоѓањето на Џек. Иако е само дете, Нуну успешно ја чува нејзината тајна, дури и кога е ставена под притисок на авторитетот на учителот и на капетанот Шимамото, таа не ја изневерува нејзината мајка, иако Јинг се плаши дека Нуну е премногу млада за да разбере дека мора да молчи. Од друга страна, учителот има поинаква тајна која ја крие од Јинг – тој е припадник на герилската кинеска војска која им помага на Американците и се бори против јапонската окупација. Токму тој ќе им излезе во пресрет на Јинг и на Џек и ќе го организира нивното бегство низ шумата. Недоверба постои и помеѓу Џек и Јинг додека тој престојува во пештерата и додека не се уверат дека не се странци. Се чини едиствената неспорна доверба е помеѓу усмртениот Каи и Јинг, а тоа е довербата дека војникот ќе биде заштитен и по цена на нивните животи. Јинг го дава животот за Џек, но тој ќе осигура нејзината ќерка да биде безбедно пренесена со него во Америка.
Филмот започнува со темни, борбени сцени во воздухот, но брзо се смирува во зеленилото на живописното, идилично село, куќата на Јинг опколена со бамбусова шума, чистата река во која таа ја пере облеката, патот кој секој ден го поминуваат до училиштето на Нуну, сцени кои се вистинско уживање за око. Токму во тој тон е всушност и целиот филм. „Кинеска вдовица“ е топла, емотивна приказна за непоколебливата жртва и херизмот на обичниот човек, не на војникот, туку на селанецот, кој и без пушка во рака придонел за слободата. Иако мошне едноставен и предвидлив во фабулата, поштеден од неочекувани пресврти и спектакуларни сцени, филмот заслужува да се издвојат два часа време кај сите љубители кои би сакале да погледнат помалку бурен и побавен филм од оние кои се типични за овој жанр.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Bilie August

**Улоги:** Emile Hirsh, Crystal Liu, Shaoqun Yu

**Сценарио:** Greg Latter

**Кинематографија:** Filip Zum

**Музика:** Annette Focks

**Земја:** САД/Кина

**Година:** 2017

**Времетраење:** 110 минути

**Награди:** Номинации за „Златен гоблет“ за најдобра актерка и најдобар долгометражен филм на Интернационалниот филмски фестивал во Шангај



# Адреналински мост кај се

## Несекојдневно доживување

Во непосредна близина на Скопје, скриено во живописна природа со околу 80 куќи, сите изградени од камен, на висок врв во близина на Катланово, се наоѓа селото Кожле. Под селото жубори реката Пчиња, над која се наоѓа адреналински, пешачки мост, кој го спојува селото Кожле со автопатот „Пријателство“. Мостот е изграден со дрвен под и е оптегнат на челични сајли, па потребно е стабилно чекорење по него, бидејќи се ниша на секое движење. Помалку храбрите ќе треба да соберат храброст за да зачекорат по него но, секако, движењето по мостот гарантира едно вистинско адреналинско доживување. На табла пред мостот стои дека е изграден во 2012 година од страна на Стојан Трајановски со фамилијата од село Инџиково, па мостот е крстен Стојанов мост. Мостот е релативно нов и ретко кој го знае, но навистина заслужува да се посети, да се помине од едната на другата страна на Пчиња и да се ужива во недопрената природа во овој дел на нашата убава Македонија. Целата патека поминува низ борова шума и нема големи искачувања, убаво е израмнета и нема камења. Идеално е за прошетка со деца и за физичка активност.
На околу 2 километри од Кожле, патеката се дели на два дела, едниот дел води кон „Св.Богородица“, манастир кој е изграден во карпа, а другиот кон село Карабуниште. На патеката кон Карабуниште се наоѓа вториот мост кој е на реката Вардар. Природата и погледите се неверојатни, вистинско уживање. Во дворот на црквата „Св.Богородица“ има клупи за одмор. Самиот мост е приказна за себе, адреналин и убавина во едно. Во селото Кожле може да ја посетите и црквата „Вознесение Христово“, изградена во 1847 година, во чиј двор е погребан македонскиот книжевник Гане Тодоровски. Во непосредна близина на Кожле, оддалечена околу 1,6 км, се наоѓа тврдината Маркови Кули, која датира од средниот век.
Дрвениот мост во Кожле, кој е една од главните атракции во нашата држава, опкружен со недопрена природа, нуди уникатно и несекојдневно доживување и навистина вреди да се посети.

Кристина Илиевска



# ло Кожле –













